

Упатства за наставници и едукатори за сузбивање дезинформации и промовирање дигитална писменост преку образованието и обуката

Благодарност

Упатствата ги изготви Европската комисија со поддршка на Експертската група за сузбивање дезинформации и промовирање дигитална писменост преку образованието и обуката, под водство на советници поврзани со ECORYS. Комисијата би сакала да им се заблагодари на следниве лица:

Ahmet Murat Kılıç, Совет на Европа
Alina Bargaoanu
Arminas Varanauskas
Cassie Hague, Организација за економска соработка и развој (ОЕЦД)
Charo Sádaba, Иберијско дигитално истражување, Универзитет на Невара
Claus Hjorth
Divina Frau-Meigs, Savoir Devenir
Eleni Kyza
Gabriella Thinsz, Шведска образовна радио-телевизија
Giacomo Mazzone
Irene Andriopoulou
Jens Vermeersch, Европско здружение на работодавачи во образованието
Juliane von Reppert-Bismarck, Lie Detectors
Kamil Mikulski, Kosciuszko Institute
Kari Kivinen, Канцеларија на Европската Унија за интелектуална сопственост (ЕУИПО)
Norman Röhner, ALL DIGITAL
Onno Hansen-Staszyński
Sally Reynolds, Media and Learning Association
Sandra Troia
Stacey Featherstone, META
Thomas Nygren
Veni Markovski
Vitor Tomé

Европската комисија не е одговорна за какви било последици што произлегуваат од повторната употреба на оваа публикација.

Луксембург: Канцеларија за публикации на Европската Унија, 2022 г.
© Европска Унија, 2022 година

Политиката за повторна употреба на документи на Европската комисија се спроведува врз основа на Одлуката на Комисијата 2011/833/ЕУ од 12 декември 2011 година за повторна употреба на документи на Комисијата (Сл. весник L 330, 14.12.2011 г., стр. 39).
Освен ако е поинаку наведено, повторната употреба на овој документ е овластена според лиценцата Creative Commons Attribution 4.0 International (CC-BY 4.0) (https://creativecommons.org/licenses/by/4.0/). Ова значи дека е дозволена повторна употреба под услов да се даде соодветно признание и да се наведат какви било промени.

За каква било употреба или репродукција на елементи што не се во сопственост на Европската Унија, можеби ќе треба да се побара дозвола директно од соодветните носители на правата.

Print	ISBN 978-92-68-03438-5	doi:10.2766/549467	NC-09-22-371-MK-C
PDF	ISBN 978-92-68-03382-1	doi: 10.2766/12984	NC-09-22-371-MK-N

Содржина

Содржина

Благодарност 2

Создавање услови 4

Градење компетенции во областа на дигиталната писменост во училницата: воспитување дигитални граѓани 4

Дезинформации: за што станува збор? 4

Список на активности во Упатствата 4

Создавање услови 5

Градење компетенции во областа на дигиталната писменост во училницата: воспитување дигитални граѓани 5

Дезинформации: за што станува збор? 5

Вреднување и евалуација на дигиталната писменост во училиштето и училницата: конкретни насоки за наставниците и едукаторите 5

Список на совети во Упатствата 5

1. Вовед 8

За кого се наменети овие упатства? 10

2. Примена на упатствата во образованието и обуката 9

3. Дефиниции на клучните поими за овие 11

Упатства 11

Подучување и учење во дигитално училишно опкружување 13

Насоки и совети – пред, за време и по активностите во училиштето и училницата 17

Пред активностите

Вклучување на засегнатите страни во училиштето 18

Запознајте ги правилата на играта во подрачјето на дигиталната писменост 19

Создавање охрабрувачка атмосфера за учење во училницата 19

За време на активностите 19

По активностите 19

4. Создавање услови 13

Први чекори во подучувањето за дигитална писменост 21

5. Градење компетенции во областа на дигиталната писменост во училницата: воспитување дигитални граѓани 20

Ученик во основно училиште 22

Ученик во средно училиште 22

Постапување со дезинформациите 25

Други планови за активности за кои може да размислите: 26

Карактеристики на дезинформациите 27

Зошто се создаваат и шират дезинформации? 27

Што е проверка на факти? 30

Што е разоткривање? 32

Процена на веродостојноста на информацијата и како да се препознаат и користат легитимни извори 33

Разбирање на различните димензии на дезинформациите 33

Етички аспекти на дезинформациите 33

Економските аспекти на дезинформациите 33

Некои когнитивни и емоционални димензии на дезинформациите 33

6. Дезинформации: за што станува збор? 24

Што можеме и што треба да процениме? 34

Видови проценi 35

Евалуација на ефикасни образовни пристапи во областа на дигиталната писменост 35

7. Вреднување и евалуација на дигиталната писменост во училиштето и училницата: конкретни насоки за наставниците и едукаторите 34

Список на активности во Упатствата

Создавање услови

План за активност 1: Работа со дезинформациите

План за активност 2: Учење за мултиперспективноста преку повеќе извори

Градење компетенции во областа на дигиталната писменост во училниците: воспитување дигитални граѓани

План за активност 3: Запознавање со Европската декларација за дигитални права и начела

План за активност 4: Следење дигитални отпечатоци

Дезинформации: за што станува збор?

План за активност 5: Разликување факти од мислења

План за активност 6: Просудување информации

План за активност 7: Истражување за тоа за што служат дезинформациите


План за активност 8: Расправа за слободата на медиумите

План за активност 9: Вклучување во проверување факти

План за активност 10: Дискусија со учениците за технолошките аспекти на дезинформациите

План за активност 11: Дискусија за економските аспекти на дезинформациите

План за активност 12: Дискусија за теориите на заговор



Список на совети во Упатствата

Создавање услови

Совет 1: Вклучување на учениците

Совет 2: Вклучување на родителите

Совет 3: Обработување контроверзни теми

Совет 4: Покажување емпатија

Совет 5: Разговор

Градење компетенции во областа на дигиталната писменост во училницата: воспитување дигитални граѓани

Совет 6: Игрификација и учење што се темели на игри

Совет 7: Земање предвид на искуствата на учениците

Дезинформации: за што станува збор?

Совет 8: Проверка на изворите

Совет 9: Бидете двигател на промени

Совет 10: Работа со учениците на препознавање и разоткривање

Совет 11: Поврзување со човековите права

Вреднување и евалуација на дигиталната писменост во училиштето и училницата: конкретни насоки за наставниците и едукаторите

Совет 12: Комуникација со колеги

Совет 13: Проценување на компетенциите на учениците

Совет 14: Размислување за природата на проценатa

Совет 15: Проценување на истражувачките вештини на ученикот

Совет 16: Соработка со универзитети

1. Вовед


Промовирањето дигитална писменост и сузбивањето дезинформации во училниците и училиштата никогаш не било толку важно како што е денес. Наставниците/едукаторите и учениците, независно од училишното ниво или типот на училиште, мора да се снаоѓаат во сè посложена дигитална средина, во којашто никогаш досега немало толку материјали за учење, слушање и гледање.

Ова отвора нови можности за пронаоѓање информации и комуникација со другите во училишното опкружување, но и надвор од него. Дигиталниот свет е сè поважен за учење и подучување. Во подрачјата каде што некогаш постоеја само учебници и печатени материјали, а учењето беше релативно локално, денес се чини дека целиот свет ни е на дланка.

Како наставници и едукатори, имате важна улога да им помогнете на младите да стекнат компетенции што им се потребни за да бидат подготвени за цел живот да учат во свет кој сè повеќе се дигитализира. Дигиталните компетенции се влезница во свет на неспоредливи можности за учење. Дигиталните технологии ќе влијаат врз сите наставни предмети, како и на сè повеќе аспекти од деловниот и приватниот живот. Совладувањето на дигиталните вештини и компетенции ќе им овозможи на вашите ученици да станат активни граѓани на 21 век. Станува збор за компетенции што се стекнуваат, а со овие упатства ќе им помогнете на вашите ученици[1] да ги стекнат.

Информациите што допираат до училниците и домовите на вашите ученици потекнуваат од разни автори и од разни извори, од кои секој има свое гледиште, а во некои случаи и одредена намера. Бидејќи медиумската и информациска средина постојано се менува, учениците мора да научат како со помош на дигиталните технологии подобро да им пристапуваат на информациите, да управуваат со нив, да ги разберат и да ги интегрираат, пренесуваат, проценуваат, креираат и шират на сигурен и одговорен начин. Во овие упатства тие способности заедно се нарекуваат дигитална писменост. Вие, како наставници/едукатори имате важна задача: да им помогнете на учениците да станат дигитално писмени.

Дигиталниот свет кој непрекинато се шири нуди бројни можности, но со неговиот развој се појавуваат и бројни предизвици и ризици. Неточните информации кои намерно или ненамерно се шират за време на пандемијата од болеста ковид-19 и руската инвазија на Украина во февруари 2022 г. нè потсетија на тоа колку ранливи можат да бидат демократиите во дигиталното доба. Здравите демократии зависат од отворените дискусии, учеството на јавноста и системот на проверки и рамнотежа. Но, може да ги загрозат изворите на информации кои се компромитирани со злонамерни и (ненамерно) погрешни информации и дезинформации. Во овие насоки, пред сè, се занимаваме со дезинформациите, односно докажливо лажните или измамнички информации кои се смислени, изнесени и се шират заради стекнување економска корист или намерно залажување на јавноста и можат да наштетат на јавниот интерес. Меѓутоа, многу предлози кои се однесуваат на тоа како да се помогне на учениците да го разберат феноменот на дезинформации и динамиката која ги опкружува може исто да се применат и на (ненамерно) погрешните информации.



[1] Во овие упатства, поимот „ученик“ ги опфаќа учениците во основното и во средното образование.

2. Примена на упатствата во образованието и обуката

Овие упатства даваат конкретни и практични совети за наставниците/едукаторите. Меѓутоа, тие ништо не пропишуваат и не содржат аксиоми, туку служат за подучување во училниците и сличните образовни средини.

Во нив може да најдете јасни објаснувања за техничките концепти, вежби за проверка на факти, совети за тоа како да се поттикнат добри навики на интернет и начини за оценување на учениците.


Бидејќи технологијата брзо се менува и постојано се појавуваат нови можности за дигитална комуникација и медиуми, изработката на упатствата за поттикнување дигитална писменост и сузбивање информации не е лесна задача. Во овие упатства нема да најдете решенија за сите проблеми на кои би можеле да наидете во училницата, но тие секако придонесуваат кон следните цели во образованието и обуката:

1. Давање увид и корисно знаење за динамиката и манифестациите на дезинформациите и главните обележја на веродостојните информации.
2. Разбирање како може да се постигне дигитална писменост.
3. Споделување информации за критичко и одговорно користење на дигиталните технологии.
4. Давање увид во начинот на кој може да се вреднуваат вештините на учениците во подрачјето на дигиталната писменост.

За да се остварат тие цели, следниве делови од Упатствата се структурирани како што е опишано во продолжение:

Оддел 4 *„Дефиниции на клучните поими“* дава список со дефиниции на најважните поими поврзани со дигиталната писменост и дезинформациите.

Оддел 5 *„Креирање поволна средина“* ве упатува како подобро да ги подготвите училниците и училиштата за сузбивање дезинформации и поттикнување дигитална писменост. Таквите упатства, кои се темелат на актуелни резултати од истражувања и повратни информации од наставниците/едукаторите се однесуваат, на пример, на нивната улога и улогата на ученикот, креирање сигурна и охрабрувачка средина за учење, итн.



Во **Оддел 6** *„Градење компетенции во областа на дигиталната писменост во училницата: воспитување дигитални граѓани“* се разгледуваат конкретните пречки, целите на учење и инспиративните практики поврзани со овие теми. Тука ќе најдете совети за ефикасно поттикнување дигитална писменост.

Во **Оддел 7** *„Дезинформации: за што станува збор?“* се разгледуваат различните димензии на дезинформациите и се дадени совети за тоа како најдобро да се справиме со нив.

Во **Оддел 8** *„Вреднување и евалуација на дигиталната писменост во училиштето и училницата: конкретни насоки за наставниците и едукаторите“*, се обработуваат прашања за кои сигурно сите тие размислуваат – како да се оценат учениците. Тука се наоѓаат насоки за тоа како може да се оцени дигиталната писменост на ученикот, како и начини за оценување на иницијативата за дигитална писменост која ја спроведува вашето училиште.

Во овие упатства ќе наидете на обоени полиња. Тие служат за полесно читање. Во **зелените** полиња се наоѓаат практични совети за подучување и учење, во **сините** има планови за активности за вашата настава, **црвените** содржат предупредувања, а во **портокаловите** ќе најдете други корисни информации. Имајте на ум дека предупредувањата не значат дека предлагаме избегнување на одредени теми, туку дека тие би можеле да бидат потешки и за нив да бидат потребни повеќе подготовки во наставата.

За кого се наменети овие упатства?

Упатствата се наменети за наставниците и за едукаторите. Пред сè, на оние кои работат во основните и во средните училишта. Кога е тоа можно, во Упатствата одвоено се наведуваат совети за соодветното ниво. Во многу случаи можеби ќе морате да ги приспособите на вашите лични околности. Изразите „едукатори“ и „училница“ ги користиме во поширока смисла. Некои содржини може да бидат корисни и за родителите[2] и/или членовите на заедницата и може да се применат во учењето и во неформална и во информална средина.

Упатствата се осмислени така што може да ги користите во самостојната работа, но и во соработка со колеги и другиот училишен кадар, како што се училишните психолози, (училишни) библиотекари и училишните социјални работници, што може да биде корисно и да ја зголеми важноста на вашата работа. Вклучувањето на училишното раководство, родителите, медиумските работници, граѓанското општество и заедниците може да ја збогати работата што се одвива во училиштата. Таквите пристапи се препорачуваат на повеќе места во Упатствата.

На крај, се надеваме дека овие упатства ќе бидат корисни и дека ќе ви помогнат во секојдневната работа и воспитувањето нова генерација на информирани, самосвесни и ангажирани европски дигитални граѓани.



[2] Поимот „родители“ во овој документ вклучува и други старатели.

3. Дефиниции на клучните поими за овие

Многу поими се користат за да се опише сè она со кое се среќаваат луѓето на интернет. Корисно е да се застане и да се проучат некои од тие поими и подобро да се сфати нивното значење. На наставниот кадар ова може добро да му дојде во дискусии со колеги, ученици и заедницата. Следниве дефиниции се преземени првенствено од меѓународни политички документи и рамки, но се скратени заради полесно читање.

Алгоритми: кога станува збор за дигиталните платформи, алгоритмите, пред сè, служат за да се избере содржина што ќе им се прикажува на корисниците врз основа на релевантноста и претпочитањата.

Вештачка интелигенција (системи со вештачка интелигенција): софтверот во компјутерите или машините што се програмирани за извршување задачи за кои обично е потребна човечка интелигенција, на пр., учење или расудување.

Бот: автономна програма на интернет која комуницира со корисниците и извршува однапред дефинирани задачи.

Чипфејк (од анг. cheapfake - лажна содржина со ниско ниво на технолошка продукција): манипулација на медиумската содржина која е променета со конвенционална, релативно евтина технологија (на пр. замена на лице (face swapping)).

Граѓанско новинарство: новинарство кога со него се бават лица кои не се професионални новинари и кои објавуваат информации на интернет-страници, блогови и друштвени медиуми.

Мамки за кликови: содржина чија главна цел е да привлече внимание и да ги поттикне посетителите да кликнат на врска што ќе ги одведе до други содржини.

Разоткривање: потенцијална реакција на создавањето и ширењето дезинформации. Целта е да ги коригира објавените информации и да ги објасни првобитно лажно претставените информации.

Дипфејк (од анг. deepfake - лажна содржина со високо ниво на технолошка продукција): слики, видеозаписи или аудиозаписи од луѓе или настани кои всушност не се случиле и кои често е невозможно да се разликуваат од реалните. Таквите содржини, кои се пософистицирани од чипфејк, начелно ги генерира вештачка интелигенција.

Дигитално граѓанство: способност за активно, континуирано и одговорно учество во дигиталните средини (локални, национални, глобални, интернетски) на сите нивоа (политичко, економско, социјално, културно и интеркултурно).

Дигитален отпечаток: податочен траг што го остваваат лицата кои користат интернет, на пример посетени веб-локации, испратени е-пораки и други информации кои корисниците ги споделуваат со други лица. Може да послужи за следење на активностите на поединецот и неговите уреди на интернет.

Дигитална писменост:способност за сигурен и примерен пристап до информации, што ја опфаќа секоја форма на управување, разбирање, интегрирање, пренесување, проценување, создавање и ширење на објавувањето на информации преку дигитални технологии. Опфаќа компетенции кои често се нарекуваат информатичка и медиумска писменост, компјутерска писменост и ИТ или ИКТ писменост. Дигиталната писменост ја вклучува димензијата на активно и граѓанско соучество во дигиталниот свет и поттикнува активно граѓанство.

Дигитална педагогија: користење иновативни дигитални алатки и концептуални пристапи. Поддржува приспособливо и персонализирано учење и придонесува да се осмислат нови креативни начини на учење, да се збогати искуството на учење и да се подобрат учебните резултати. Треба да се напомене дека во рамки на концептот на дигитална технологија се поттикнува отворено образование, вклучително и отворени образовни содржини.

Дезинформации: докажливо лажни или измамнички информации кои се смислени, изнесени и се шират заради стекнување економска корист или намерно залажување на јавноста. Тие може да наштетат на јавниот интерес.

Ехо комори: средини во кои мислењето, политичката

определба или верување на корисникот за одредена тема се охрабрува заради зачестена интеракција со истомисленици или извори кои застапуваат слични верувања и идеологии.

Проверување факти: постапка на проверка на вистинитоста на информациите.

Филтер-меурче: ситуација во која лицето слуша или гледа само вести и информации кои ги поддржуваат неговите верувања и претпочитања. Овој ефект може да се засили на интернет поради страниците кои луѓето ги следат или посетуваат и поради алгоритмите кои им прикажуваат содржини според нивните претходни однесувања, претпочитања и поставки на интернет.

Злонамерни информации: фактички точни информации кои се користат или прикажуваат на штетен или злонамерен начин.

Медиумска и информатичка писменост: способноста за разбирање на информациите за јавно добро, способноста за критичко согледување на информациите, медиумите и дигиталните комуникации заради соучество во остварување на целите за одржлив развој и способноста за остварување на сите предности засновани на човековите права.

Медиумска писменост: способноста да се пристапи до медиумите, да се разберат и критички да се проценат различните аспекти на медиумите и медиумските содржини и да се оствари комуникација во различни контексти.

Мим: слика, видео, дел од текст, итн., обично од хумористична природа која корисниците на интернет можат брзо да ја разберат и споделат со други, често со мали варијации.

(Ненамерно) погрешни информации: проверено лажни информации кои се објавуваат без намера да се измами некој. Често се споделуваат бидејќи корисникот верува дека се вистински.


Фишинг (крадење на идентитетот со лажно претставување во електронската комуникација): напад во форма на наведување на лицето да ги открие личните податоци, на пример бројот од кредитната картичка, банкарските податоци или лозинки, на интернет страници кои се претставуваат како легитимни. Целта на таквиот напад е крадење на идентитет или пари.

Препознавање: побивање убедлив лажен аргумент пред да се прошири.

Извор: почетна точка или потекло на некоја информација.

Трол: лице кое намерно се обидува да навреди или директно да ги нападне луѓето со објавување навредливи коментари. Фармите или фабриките на тролови се институционализирана група интернет-тролови која настојува да се вплетка во политичките мислења и донесувањето одлуки.

Проверка: постапка со која се утврдува дали страниците, адресите, сметките или информациите се веродостојни и вистински.



4. Создавање услови

Овој оддел наведува совети за тоа како да се креира средина за учење која на учениците им помага да станат дигитално писмени и да развијат компетенции потребни за отпорност на (ненамерно) погрешни и злонамерни информации, а посебно на дезинформации.

Наменет е за наставниците и едукаторите и опфаќа разни училишни нивоа (на пример, основни и средни училишта). Овде ќе најдете совети и насоки за тоа како да ги совладате предизвиците на кои може да наидете како наставник или едукатор, како и разни планови за активности кои може да ви послужат како инспирација во наставата. Понудените совети се однесуваат на три моменти во образовниот циклус – **пред, за време и по активностите во училниците.**

Подучување и учење во дигитално училишно опкружување

Пред сè, важно е да се нагласи дека не мора да бидете технолошки експерт за да им помогнете на учениците да станат дигитално писмени. Без оглед на технологијата што ви е достапна во училниците, може да ги вклучите своите ученици во поширока дебата за бројните можности и ризици поврзани со дигиталниот свет, како и за придобивките од проценатa на веродостојноста на информациите со кои се среќаваат.

Како и за секое ефикасно подучување, важно е да се креира сигурна средина каде учениците можат да го изразат своето мислење и активно да учат. Учениците ценат кога ги уважуваат нивните врсници и наставници и се благодарни кога ги поттикнуваат да станат пописмени во дигиталниот свет со кој, веројатно, се веќе добро запознаени. Тој дигитален свет може да им овозможи да пристапат до голем број информации и разни мислења за некоја тема, како и да ги надминуваат географските, јазичните, културните и верските граници на некоја тема. Меѓутоа, во главно им недостасуваат компетенции и искуства за целосно да искористат сè што им се нуди и да ги препознаат потенцијалните закани.

Сигурно имате репертоар пристапи кои ги користите кога со учениците работите на предизвикувачки, а понекогаш и контроверзни теми. Во **поле 1** се прикажани некои педагошки пристапи со кои можеби сè уште не сте запознаени. Но, тие се покажале како корисни во подрачјето на дигиталната писменост.

Поле 1: Подучување и учење во дигитално училишно опкружување – корисни пристапи

Следниве пристапи во подучувањето се добро утврдени и може да ви послужат како инспирација во наставата.

Спирален курикулум. Секој предмет, па така и дигиталната писменост, може да се подучи во која било училишна возраст доколку добро се приспособи пристапот. Ова е пристап каде што клучните концепти се претставуваат во повеќе наврати за време на процесот на учење, при што се зголемува нивото на сложеноста или се покажуваат различни примени. Ваквиот пристап овозможува рано воведување концепти кои обично се предвидени за подоцна.

Превртена училница. Стратегија на комбинирано учење кое го водат самите ученици, а со којашто се зголемува учеството и учењето на учениците преку медиуми, во училницата и надвор од неа. Учениците често го читаат материјалот дома, а потоа во училницата работат на решавање на проблемите.

Комбинирано подучување. Пандемијата на болеста Ковид-19 беше голем повод за тоа наставата повеќе да се одржува на далечина. Комбинираното учење има потенцијал за ефикасно комбинирање на наставата во живо и преку интернет во едно кохезивно искуство.

Учење преку практика. Во образованието, ова е пристап кој се темели на идејата дека повеќе учиме кога всушност ја изведуваме активноста.

Учење кое се темели на игри и игрификација. Станува збор за примена на стратегија со игри (игрификација) или користење игри онлајн и офлајн (учење кое се темели на игри) за да се подобри учењето и да стане попривлечно. Добар пример се едукативните игри за информирање за медиумската пристрасност.



Дигиталните алатки обично на учениците им овозможуваат релативно висок степен на слобода кога, на пример, користат дигитални уреди за пристап до апликации, за комуникација на друштвените мрежи или за пребарување на интернет. Поради таа слобода, истовремено имаат пристап до голема количина информации, што е корисно за нивното образование. Меѓутоа, поради тоа, исто така, може да се впуштат во тривијално, непримерно и потенцијално опасно однесување. Затоа, најважно е вие, како наставник или едукатор, да им помогнете да се оттргнат од штетното однесување на интернет и да стекнат самосвесност и вештини за тоа да го прават самостојно.

Посебно треба да се посвети внимание на диверзитетот во училницата, во смисла на потеклото, мислењето и ставовите на ученикот. Ова значи дека учениците однапред ќе бидат запознаени со темата дигитални можности и ризици и дека ќе ги утврдат темелните правила за дискусија (на пример, да не се впуштаат во лични напади и да ги изразуваат своите мислења во прво лице)[3]. Добро е да бидете упатени во ставовите на вашите ученици (и нивните врсници) за одредени теми пред да ги обработите во училницата, а притоа треба да имате на ум дека нивните мислења може да се разликуваат и да бидат разновидни. Не е лошо да дознаете и на кои извори на вести и информации се изложени и кои друштвени мрежи ги користат. Дознајте и на кои интернет платформи пристапуваат и што мислат за нив. За да го дознаете сето ова, можеби ќе ви треба малку умешност и тактичност, а одговорите понекогаш ќе мора да останат анонимни. Покрај тоа, обидете се да процените колку се досега запознаени со поставките за приватност, правилата и прописите на дигиталната заедница, дали знаат што е законско, а што незаконско, итн. (видете го и Оддел 8).

Со оглед на тоа дека е голема веројатноста учениците на интернет да се сретнат со лажни и потенцијално штетни информации, најдобро е да се подготвите за разговор со нив за информациите кои тие, нивните врсници или заедницата би можеле да ги сметаат за контроверзни. Ова подразбира подготвеност за соочување со емоции и ирационално однесување. Добра идеја би можело да биде и одржување поопшта дискусија со учениците за тоа што неодамна виделе во медиумите, а би можело да биде контроверзно.

Размислете за...

- Поттикнување на учениците на редовно користење дигитални алатки како дел од учењето за различни цели.
- Скратување на времето на наставата и користење поинтерактивни методи, какви што се Сократовата метода на учење, учење кое се темели на истражување и решавање проблеми, како и разни соработнички и кооперативни методи на учење.
- Сериозно сфатете ги грижите и тврдењата на сите ученици и водете сметка да ги почитувате нивните гледишта.
- Посебните потреби, грижи, предности и слабости на групата ученици со која планирате да работите и искористете ги како почетна точка за учење.
- Да го засновате подучувањето на диверзитетот во групата, во смисла на потеклото и мислењата на учениците. Ова искуство ќе ве збогати и вас и учениците. Изберете методи за работа кои ќе ја истакнат оваа разновидност.
- Да разговарате со учениците за приватноста и погрижете се да разберат што е и како да ја заштитат. Проблемите со заштитата на личните податоци се важен дел од дискусиите за дигитална писменост.
- Дека на учениците ќе им треба вашата помош за да најдат веродостојни информации на интернет, но и дека и самите треба да стекнат такви вештини.
- Дека младите луѓе најдобро учат едни од други. Стратегиите за взаемно учење може да бидат ефикасни во целиот спектар на образованието, па така и во подрачјето на дигиталните технологии. Ова значи дека вие, како наставник или едукатор, преземате улога на помошник. За взаемно учење е потребно вашето водство како наставник или едукатор.
- Дека младите луѓе поголем дел од своите навики на интернет ги стекнуваат во рана возраст дома.
- Користење актуелни настани на локално или глобално ниво како повод за активности. Учениците се позаинтересирани и помотивирани кога информациите им се поблиски.
- Како да изберете правилен контекст, рамка и пристап за својата училница и како да ја обликувате темата. Колку се однапред мотивирани учениците? Некои адолесценти неволно учествуваат во дискусиите за контроверзни друштвени и политички прашања.
- Најпримерните правила за секое одделение. Она што функционира кај една група, можеби нема да функционира кај друга. Ако можете, одредете ги правилата заедно со учениците. На овој начин, тие преземаат одговорност.
- Споделување и дискутирање на своите идеи со други наставници или едукатори.



[3] Значи да се користат примери какви што се: „мислам дека...“, „верувам дека...“, „сметам дека...“ и „се согласувам дека...“

Насоки и совети – пред, за време и по активностите во училиштето и училницата

За да се поттикнат позитивни искуства и да се избегнат несакани исходи какви што се споровите и поларизацијата при подучувањето за дигиталната писменост и отпорноста на дезинформации, добро би било да размислите за следново пред, за време и по наставата.

Совет 1: Вклучување на учениците

Ако е можеби потешко да работите со некои ученици, размислете да ги вклучите во подготовка на активностите и доделете им некои задачи или одговорности. Можеби позитивно ќе ве изненадат.

Совет 2: Вклучување на родителите



Колку родителите ќе се ангажираат зависи од низа фактори. Добар момент за воспоставување комуникација со нив може да биде првата родителска средба во училишната година, бидејќи тогаш обично доаѓаат повеќето родители. Ако родителите не сакаат да учествуваат, важно е да имате поддршка од другите вработени во училиштето, на пример од директорот.

Предупредување: контроверзни теми

Контроверзните теми се често многу корисни за дискусија со учениците, особено кога се однесуваат на дезинформации, но може да бараат повеќе време и внимание. Еве некои примери:

- КОВИД-19 и вакцините
- Руската инвазија на Украина
- Неправда во минатото и сегашноста
- Злосторство и казна
- Прашања поврзани со родот и сексуалната разновидност
- Миграции, малцинства, расизам и религија
- Климатските промени и глобалното затоплување
- Колонијализам, ропство, антисемитизам, негирање на холокаустот
- Чувствителни локални теми




Пред активностите

Вклучување на засегнатите страни во училиштето

Размислете за...

- Да ги дискутирате плановите со училишното раководство пред да обработите некоја чувствителна или контроверзна тема.
- Да воспоставите комуникација со родителите преку утврдени канали за комуникација помеѓу училиштето и родителите и, ако е изводливо, заедно подгответе се за разговор за политички и чувствителни прашања поврзани со онлајн светот, коишто неизбежно може да доведат до дискусии во домовите на учениците (видете го Совет 2).
- Соработка со училишниот психолог или училишниот социјален работник во случај да треба стручна поддршка (на пр. ако учениците се навредуваат меѓусебе или ако некоја тема особено ги вознемирува).



Запознајте ги правилата на играта во подрачјето на дигиталната писменост

За почеток, би било добро да се информирате за медиумските навики на заедницата во која се наоѓа училиштето. Ова може да ви овозможи да ги искористите веќе постојните обрасци. Ова може да се постигне со активно учество во настаните кои ги организираат училиштето и заедницата, со следење на локалните и другите популарни медиуми и разговори со колеги, родители и ученици. Одредени под-делови на заедницата би можеле да имаат радикални мислења (во рамки на група) кои некои ученици може неочекувано да ги изразат во училницата. Добро е да бидете свесни за тие чувствителни прашања.

Иако подрачјето на дигитална писменост е прилично ново, последниве години се започнати многу иницијативи кои може да ви користат во наставата и да го збогатат учењето. На пример:

- Постојат меѓународни мрежи на наставници и едукатори кои се заинтересирани и имаат искуство во подучување за дигиталната писменост и сузбивањето дезинформации. Обично се бесплатни и доволно е само да кликнете на една врска за да им пристапите.
- Меѓународни организации какви што се Европската комисија, УНЕСКО, ОЕЦД, Советот на Европа, Меѓународната телекомуникациска унија (ITU), УНИЦЕФ и медиумските организации развија ресурси, мрежи и насоки кои може да придонесат во вашата работа.
- Разни национални и локални иницијативи вклучуваат професионално новинари и новинарски организации. Некои локални новинари можеби веќе се дел од нив. На многу такви организации и иницијативи се упатува во извештајот кој е подготвен како надополнување на овие упатства, посебно во неговите прилози.
- Можеби би било добро да истражите како локалната или националната влада може да ја поддржат дигиталната писменост на учениците, како и активности и програми на организациите на граѓанското општество.
- Локалните библиотеки се ангажираа во оваа област и може да ви помогнат да воведете активности во заедницата.

Поле 2: Вклучување надворешни чинители, какви што се професионалните новинари, НВО, припадниците на академската заедница и платформите – можни предности и недостатоци, односно ризици за училиштата и наставниците или едукаторите

Дигиталната писменост не мора да ја подучувате самостојно, туку во наставата може да вклучите виртуелни и/или физички програми на трети страни (на пр. организации на граѓанското општество).

Можни предности:

- Надворешните чинители може да донесат дополнително знаење и стручност
- Надворешните чинители им нудат можности на наставниците и едукаторите за изградба на мрежи со експерти
- Надворешните чинители често имаат многу искуство во работа со училишта
- Надворешните чинители носат практично искуство од терен кое се темели на докази
- Академската заедница и универзитетите имаат искуство со проценување „што функционира“ и „зошто“
- Вклучувањето надворешни чинители може да им биде интересно на учениците

Можни недостатоци или ризици

- Дополнителна администрација, на пр. поврзана со логистика и согласност од училишното раководство и другите
- Може да се намали флексибилноста на планирањето
- Може да доведе до дополнителни трошоци
- Третите страни може да го искористат пристапот за промовирање комерцијални или политички интереси или за собирање податоци.

Исто така, може да пребарате на интернет и да дознаете кои видови организации подготвиле ресурси за училиштата и за подучување.



Размислете за:

Поврзување на училишните активности со главните меѓународни и национални мрежи и настани. На меѓународно ниво, тоа може да бидат Денот на безбеден интернет (секој февруари), Меѓународниот ден за проверка на факти (2 април) или информативните кампањи (Европска недела на медиумска писменост, Глобалната недела на медиумската и информациската писменост на УНЕСКО). Мрежата eTвининг им овозможува на наставниците, едукаторите и училиштата да се поврзат со колегите од цела Европа. Нејзината тема во 2021 година беше „Медиумска писменост и дезинформации“, а е заокружена со голема конференција и прирачник за мрежата eTвининг со примери за добри практики од таа област.

Тоа да побарате локални, национални и/или меѓународни извори за финансирање на своите иницијативи. На европско ниво, тоа ги вклучува програмата Еразмус+ и Европскиот солидарен корпус.

Совет 3: Обработување контроверзни теми

Обработувањето контроверзни теми може да го збогати учењето и да поттикне критичко мислење. Кои теми сметате дека се најконтроверзни да ги подучувате во училницата? Што мислат вашите колеги за тоа? Кои се нивните искуства на подучување контроверзни теми? Можете ли да разменувате корисни материјали? Дали активностите може да се прошират за заеднички да се обработуваат во неколку училишни предмети? Дали може да се повикаат „експерти“ да одржат предавање во училницата или во групи (лично или на далечина)?

Вие самите можете најдобро да процените дали вашите дискусии во училницата треба да бидат едноставни или дали може да барате подлабоко и подетално размислување од учениците. Ова истовремено зависи и од возраста на учениците и вашето претходно искуство во обработката на контроверзни теми.

Кога се дискутира за контроверзни теми, понекогаш е подобро да се започне со помалку контроверзни, па постепено да се премине на поконтроверзни. Така ќе видите како учениците реагираат и дали се подготвени и волни да разговараат за чувствителни прашања (видете го и Планот за активност 12 за теориите на заговор).



Интерактивните методи може да ви помогнат да создадете атмосфера во која ќе му биде пријатно на вашето одделение да дискутира за контроверзни теми. Тоа може да биде тивка дискусија, табели за изразување ставови, активно слушање, дискусии во внатрешен круг (анг. fishbowl), сложено подучување, играње улоги и кооперативно учење. Ваквите методи истовремено придонесуваат да се вклучат и учениците на кои инаку би им било здодевно или можеби би биле незаинтересирани.

Создавање охрабрувачка атмосфера за учење во училниците

Размислете за...

- Да се запознаете со потенцијалните психосоцијални мотиви на учениците за несогласување, прашањата на кои се чувствителни учениците и заедницата и поларизацијата на општеството; а и преиспитајте го својот личен став, своите емоции и чувствителности.
- Да соберете почетни идеи и мислења од учениците пред да дискутирате со нив. Ова може да го направите анонимно.
- Ако е можеби потешко да работите со некои ученици, добро би било да ги вклучите во подготовката на часот и да им доделите некои задачи.
- Да изградите доверба во училницата. Ова може да биде пресудно за учениците (и наставникот) да се чувствуваат пријатно при дискутирањето чувствителни и контроверзни теми. Некои ученици може да сметаат дека ваквите теми се соодветни само за дискусија во група (на ученици) и да не сакаат да говорат за тоа пред другите. Притоа, може да помогне ако изградите взаемна доверба.
- Да поттикнете чувствителни дискусии откако ќе изградите заедница во училницата. За контроверзни теми најдобро се дискутира во отворени средини каде што учениците чувствуваат дека се сигурни и дека нивното мислење се вреднува.
- Прво да започнете со повеќе водени и планирани интеракции, а потоа да преминете на помалку планирани, во зависност од текот на работата и динамиката.
- Прво да започнете со активности еден на еден (наставник - ученик; ученик - ученик), а потоа да преминете на интеракција во помали група и дури потоа да почнете дискусија која го вклучува целото одделение.
- Да примените метода на учење насочено кон ученикот, како и да ги поттикнете учениците на самостојност и преземање одговорност за наученото.

План за активност 1: Работа со дезинформациите

Следната активност може да се спроведе во еден наставен час (45 минути).

Мотивација (околу 5 минути).

На почетокот на часот прашајте го секој ученик како се чувствува денес. Внимателно сослушајте ги одговорите. На одговорите реагирајте неутрално и само заблагодарете им се. Останатите ученици слушаат во тишина. Редоследот по кој ќе ги прашувате учениците нека биде случаен.

Вовед (околу 5 минути)

Изнесете го своето мислење или лично искуство поврзано со дезинформации или повикајте се на некоја вест за дезинформации. Краткиот вовед проследете го со прашање за дезинформациите, на пример: „Што мислите, колку се сериозни овие дезинформации?“ или „Што мислите, која е целта на овие дезинформации?“.

Моделирана дискусија (околу 25 минути)

Поделете им парчиња хартија на учениците. Дајте им 90 секунди да напишат краток одговор на вашето прашање. Кажете им дека своите одговори ќе ги читаат на глас. Потоа, изберете парови по случаен избор. Првиот ученик од парот нека му постави прашање на другиот ученик. а тој нека го прочита својот одговор. Потоа, учениците ги заменуваат своите улоги. Продолжете да прозивате парови додека не ги ислушате сите ученици. Ако бројот на ученици е непарен, бидете дел од еден пар. Ако ви преостане уште време, прашајте ги што мислат за активноста.

Завршување на часот (околу 8 минути)

На крајот на часот, прашајте ги сите ученици дали научиле нешто на часот. Применете ги истите начела како и кај активностите за мотивација.



План за активност 2: Учење за мултиперспективноста преку повеќе извори

Напомена: за оваа активност ќе ви требаат околу три наставни часа (3x45 минути).

Прв наставен час: најдете историски настан кој може да се толкува на разни начини, во зависност од двете (или повеќе) вклучени страни. Тоа може да бидат разни војни за независност, Граѓанската војна во Америка, Првата светска војна, конфликтот во Северна Ирска, војните на просториите на поранешна Југославија во 1990-те.

Претставете им на учениците два различни кратки прикази за конфликт (или сами нека ги најдат на интернет). Секоја група нека најде на интернет 5-10 извори со информации за конфликтот - ако е можно, од различни перспективи (можеби ќе им треба помош). Накратко нека ги претстават изворите пред класот. Потоа, споредете ги.

Формулирајте изјава како што е следнава: „Главната причина за конфликтот бил неуспехот на X да им ги осигура полните човекови права на луѓето кои живееле во Y“.

Втор наставен час: поделете ги учениците во две групи - една која се согласува со изјавата и друга која не се согласува. Најлесно ќе формирате групи ако ги разместите учениците на половина, половина ученици во едната, а половина ученици во другата група.

Секој ученик потоа користи 5-10 извори на интернет кои ги нашла неговата група за да изнесе два убедливи аргументи во прилог на изјавата или против неа. Учениците собираат и ги запишуваат своите докази. Првата половина од часот нека работат индивидуално. Потоа, нека работат во помали подгрупи на истомисленици (4-6 лица во група) со кои ќе ги споделат своите аргументи. Секоја подгрупа создава дигитален плакат со своите пет главни аргументи.

Трет наставен час: групите ги доработуваат своите плакати и ги презентираат пред остатокот од класот. Сите ученици го оценуваат секој аргумент (со оценка од 1 до 10) и дискутираат за тоа зошто така ги оцениле, посебно врз основа на докази кои ги нашле во изворите. Оценувањето може да се спроведе и со помош на интернет-алатки. Дискутирајте во нови мали групи за двете страни на приказната и обидете се да одредите како најдобро се разбира таа контроверзна тема. Размислете за тоа дали постои начин за интеграција на аргументите или противаргументите. Дали постои компромисно решение? Дали може да се постигне консензус?

Наместо тоа, учениците може да се наведат на дискусија за таа тема со помош на разни методи. Тоа може да биде (виртуелна) прошетка низ галерија, Сократова метода, традиционална дискусија, fishbowl дискусија, вкрстена или академска дискусија.

Напомена: како наставник или едукатор, за примена на овој пристап ќе морате доста да ги насочувате учениците.

За време на активностите

Размислете за...

- Создавање и одржување отворена, охрабрувачка атмосфера во училницата.
- Начинот на кој ги формулирате темите. Ова може да го направите на различни начини за да бидат релевантни за вашите ученици.
- Водење личен дневник за реакциите на учениците на вашето подучување околу предизвикувачки и контроверзни теми. Поттикнете ги и самите да водат такви дневници каде што ќе ги запишуваат своите мислења.
- Следење на емоционалните реакции во училницата бидејќи ќе ви помогне да откриете на што се особено чувствителни учениците. Некои од нив може да имаат радикални мислења и ненадејно да ги изразат во училницата.
- Следење дали учениците се сметаат за затворена група во која не припаѓаат возрасните. Младите и возрасните понекогаш сметаат дека припадниците на друга група „несоодветно“ ги користат дигиталните медиуми и тоа може да го користат како основа за создавање негативни стереотипи за другата група.
- Следење во која мерка вашите активности може дополнително да го зајакнат чувството на припадност во група во однос на оние кои не ѝ припаѓаат, и тоа меѓу вас и учениците, како и меѓу самите ученици.
- Што почесто да проверувате како поедини ученици се чувствуваат, посебно кога се одвиваат дискусии за контроверзни теми и кога учениците се однесуваат непримерно.
- Да водите преку пример. Ако вам тоа не ви претставува проблем, изнесете некои лични примери за тоа како вие како личност (или наставник, едукатор) ја развивате својата дигитална писменост и/или сте биле изложени на дезинформации, а потоа повикајте ги учениците да изнесат свои искуства.
- Воспоставување рамнотежа помеѓу отворените училници и сигурниот простор. Во една атмосфера на отворена училница, учениците може да кажат што имаат на ум и слободно да ги споделат своите ставови и мислења. Меѓутоа, одредени поединци или група ученици може да се навредат или вознемират од забелешките на другите.
- Следење на факторите на ризик. Односно, ризикот од оттуѓување на учениците кога ќе се соочат со однапред создадени заклучоци, митови и предрасуди. Несогласувањата може да се решат со дијалог, раздвојување на мислењата од лицето кое ги изразува и воведување во дискусија за различните перспективи кои се темелат на факти.

По активностите

Размислете за...

- Разговор со учениците за тоа што научиле, во што уживале, а во што не.
- Осмислување нови активности кои се темелат на претходните и активно вклучете ги учениците во тој процес.
- Разговор со училишните ментори или педагог за реакциите на учениците на часовите на кои се обработувале контроверзни теми, доколку сте воделе дневник за тоа.
- Одржување презентација за другите класови или училишта (може и во виртуелна форма).
- Поформална процена на знаењето и вештините кои ги стекнале учениците и/или оценување на применетите методи на учење и подучување (видете во одделот за проценување на Упатствата).

Совет 4: Покажување емпатија

За да биде посигурно опкружувањето, важно е да не се исмејуваат ниту изолираат учениците кои ќе признаат дека веруваат во одредени видови дезинформации, како што е некоја распространета теорија на заговор. Емпатијата може да биде добра појдовна точка. Учениците ризикуваат ако признаат дека веруваат во одреден вид дезинформација. Ако вам тоа ви се чини примерно, може да признаете и некои лични наивности.

Понекогаш помага учениците прво да зборуваат за „некого што го познаваат.....“ за признанијата да бидат помалку лични и да бидат помалку изложени на критики од врсниците.

Совет 5: Разговор

Разговарајте со учениците за нивните размислувања, искуства и емоции. Прашајте ги што научиле и како би сакале да го искористат наученото.



5. Градење компетенции во областа на дигиталната писменост во училницата: воспитување дигитални граѓани

Што е дигитално граѓанство и зошто е важно?

Дигиталните граѓани...

- Поседуваат вештини, карактеристики и однесувања за сигурно, ефикасно, критичко и одговорно учество во еден свет на интернет.
- Можат да ги искористат предностите и можностите на онлајн светот и да бидат отпорни на штетните однесувања.
- Ги користат дигиталните технологии за активно учество во граѓанскиот живот и социјалната интеграција, соработката со други и креативноста во остварување на личните, општествените или комерцијалните цели.
- Свесни се за најважните вредности на човековите права, кои се исти на интернет и надвор од него (слобода на мислење и изразување, право на приватност, учество, достоинство, итн.).

Дигиталното граѓанство е збир на научени вештини. Во дигиталното општество, како и во општеството „надвор од интернетот“, постојат некои темелни концепти, алатки и компетенции со кои мора да ги запознаете своите ученици и да ги поттикнете на учење. Покрај тоа, на учениците треба да им бидат достапни алатки кои ќе им бидат потребни за развој на компетенциите во областа на дигиталната писменост. А вие играте важна улога во тој процес.

Да се биде дигитално писмен значи да се користат дигиталните технологии за *пристап до информации, што ја опфаќа секоја форма на управување, разбирање, интегрирање, пренесување, проценување, создавање и ширење* информации, и тоа на сигурен и соодветен начин. Дигиталната писменост може и да им помогне на учениците активно да учествуваат, учат, градат успешни кариери и да комуницираат во денешното општество. Како таква, дигиталната писменост е предуслов за развој на активно и самосвесно дигитално граѓанство.

Веројатно сте забележале дека вашите ученици се дигитално писмени во различна мера. Некои можеби имаат тешкотии со читањето и пишувањето, но се многу вешти во консумирањето и производството на дигитални содржини, како што е праќањето гласовни белешки или фотографирањето. Други можеби имаат тешкотии со пристапот или употребата на технологиите, поради што е потешко да допрете до нив и да комуницирате со нив кога подучувате на далечина.

Совет 6: Игрификација и учење што се темели на игри

Игрификацијата и учењето што се темели на игри, ако се правилно осмислени, може да ги подобрат образовните исходи.

Во продолжение се дадени некои од нивните предности:

1. Обично нудат видови учења што одговараат на денешниот дигитален начин на живот на младите.
2. Можат дополнително да мотивираат, а наставата и учењето да ги направат забавни, креативни и инспиративни.
3. Обично се флексибилни, преносливи во кој било контекст и прилично лесно може да се приспособат во секој училишен предмет. Може да се користат и за сложени теми кои полесно се сфаќаат преку игра.



Размислете за...

- Да побарате од секој ученик да изнесе како технологијата и друштвените медиуми може да поттикнат позитивни промени и да создадат позитивни средини во заедницата и општеството каде што живеат.
- Разговор со учениците за вештините кои ќе им требаат при влез на идниот пазар на трудот. Тоа може да вклучува збир на дигитални вештини (какви што се разбирањето на дигиталната економија, програмирањето, разбирањето алгоритми, компјутерското размислување и други дигитални вештини) и социјални вештини (на пр. интерперсонални) во свет каде што интеракцијата помеѓу луѓето е драгоцена.
- Да побарате од учениците да најдат на интернет точни информации за граѓански теми (на пр.

демократија, локални избори, човекови права и климатски промени), како и за соодветните простори за учество во граѓанскиот живот на интернет.

- Ако атмосферата во училницата дозволува (особено ако учениците се навикнати на дискусии за политички теми), прашајте ги учениците дали мислат дека политичките дезинформации би можеле да се шират преку медиуми и кои би биле последиците. Дали тоа може да влијае врз резултатите од демократските избори? Како? Дали можат да наведат примери?
- Да им дадете на учениците врски до веродостојни извори на информации, на пр. за општествени или граѓански проблеми. Или, уште подобро, поттикнете ги сами да пребараат и да ви дадат повратни информации.
- Да посветите внимание на дигиталната добросостојба, односно на тоа дали дигиталните алатки влијаат позитивно или негативно врз здравјето (ментално или физичко) на вашите ученици, како и на односите што ги имаат со врсниците и семејството.

Први чекори во подучувањето за дигитална писменост

Наставата и учењето за дигиталната писменост се многу важни во современото општество. Сепак, меѓу вас можеби има и такви кои не сакаат да преземат чекори за да ги поттикнат учениците на развој на компетенции во областа на дигиталната писменост, бидејќи не им е пријатно да подучуваат за тема околу која немаат доволно познавање или можеби сметаат дека учениците се веќе доста технолошки потковани. Имајте на ум дека не мора да бидете технолошки експерт за да подучувате дигитална писменост, бидејќи таа е многу повеќе од вештини за користење уреди.

Поле 3: Дали учениците се технолошки потковани?

Не претпоставувајте дека сите ученици се технолошки потковани. Не се сите млади толку многу запознаени со технологијата, ниту пак се доволно самоуверени да ги користат дигиталните технологии. Додека кај некои од нив, дигиталните вештини и компетенции се добро развиени, кај други се слаби, па тешко ги извршуваат дури и основните дигитални задачи. Дури и на младите често им е тешко да го разберат дигиталниот свет. Можеби може да навлезат во ехо комори, а веројатно не би знаеле како стигнале дотаму. Технологиите можеби се дел од нивниот секојдневен живот, но не разбираат како тие функционираат или зошто алгоритмите им прикажуваат одредени содржини. На учениците не им е секогаш потребна техничка поддршка и може да се чини дека ја одбиваат, но често им треба некој кој може да им помогне да се снајдат во изобилството информации со кои редовно се среќаваат и да ги разликуваат непроверените факти од знаењето, а тврдењата од доказите.



Размислете за...

- Прифаќање на фактот дека како наставник или едукатор не знаете и не можете да знаете сè. Но, во добра положба сте да го понудите потребниот контекст, да поттикнете критичко размислување и да дадете поддршка.
- Вклучување на дигитални теми кои се навистина важни за вашите ученици. Овозможете им на учениците да се отворат и да разговараат за своите интереси, да учествуваат во осмислувањето план за наставниот час и притоа да ги користат уредите и дигиталните простори со кои се најдобро запознаени.
- Разговор со учениците за однесувањето на интернет и како да станат одговорни граѓани, позитивни општествени чинители во училницата и надвор од неа.

Совет 7: Земање предвид на искуствата на учениците

Активностите за поттикнување дигитална писменост формирајте ги според своите ученици и нивните искуства. Децата и младите секојдневно се соочуваат со предизвици на интернет (злобни пораки, проблем со заштита на приватноста, проблем со пристапот, говор на омраза, итн.). Грижите на вашите ученици и нивните секојдневни искуства нека ги насочуваат темите кои ќе ги опфатите на часот за да бидат релевантни и практични, а притоа да не дојде до понижување ниту осудување. Ова може да создаде (ако добро се спроведе) атмосфера на автентичност и доверба во училницата



Цели на учењето за дигиталната писменост

Во продолжение се наведени конкретни цели на учењето за дигиталната писменост, релевантни за основното и средното образование. Овој преглед може да ви помогне во наставата. Целите се темелат на утврдени рамки какви што се Европската рамка за дигитални компетенции (DigComp 2.2[4]) и исходите од учењето на финската програма "New Literacies"[5].

Ученик во основно училиште...

- Може самостојно да пребарува информации за темите и појавите што го интересираат.
- Со насоки, може да ја процени веродостојноста и корисноста на информациите.
- Свесен е дека онлајн средините ги содржат сите видови информации и содржини, вклучувајќи и (ненамерно) погрешни информации и дезинформации.
- Ја разбира разликата помеѓу дезинформации, (ненамерно) погрешни информации и злонамерни информации.
- Запознаен е со основните начела за заштита на приватноста.
- Знае какви методи за заштита на приватноста постојат во медиумското опкружување.
- За својата консумација на медиумските содржини и користењето услуги промислува од аспект на авторските права.
- Може да пребарува медиумски содржини кои може слободно да се користат и со дозвола.
- Може да ги опише своите медиумски навики и да размисли за важноста на медиумите во својот живот.
- Може да ги користи алатките на соодветен и сигурен начин за да создаде содржина за одредена публика.
- Знае да создава и споделува медиумска содржина.
- Може да ги користи алатките на соодветен и сигурен начин за да создаде содржина за одредена публика.
- Знае како пристојно да се однесува на интернет и како да дојде до точни информации.

Ученик во средно училиште...

- Знае дека дигиталната содржина, стока и услуги може да бидат заштитени со авторски права.
- Може критички да ја процени веродостојноста и доверливоста на еден извор на информации и дигитални содржини.
- Со насоки, може да ги процени разните видови медиумски содржини како извор на информации и да размисли за нивната корисност и веродостојност.
- Ја разбира природата на друштвените медиуми како извор на информации и зошто е важно да се биде критичен према информациите кои се шират преку нив.
- Запознаен е со тоа дека пребарувачите, друштвените медиуми и платформите со содржини често користат алгоритми со вештачка интелигенција за генерирање одговори и приказ на содржини кои се приспособени или дефинирани според претпочитањата на поединечниот корисник.
- Може да ги анализира сопствените обрасци на користење медиуми.
- Може да најде, обработи и презентира информации базирани на истражување кое го спровел користејќи соодветни методи и алатки.
- Свесен е дека многу апликации на интернет и на мобилните телефони собираат и обработуваат податоци (на пр. лични податоци, податоци за однесувањето и контекстуални податоци) до кои пристапува корисникот или ги враќа. Ова се прави, на пример, за да се следи активноста на луѓето на

[4] https://publications.jrc.ec.europa.eu/repository/handle/JRC128415

[5] https://okm.fi/en/new-literacies-programme

интернет (на пр., кликови на друштвени медиуми, пребарувања на Google) и надвор од него (на пр., број на чекори во денот, возење со автобус во јавен превоз).

- Може да ги користи дигиталните алатки за проверка на автентичноста на фотографиите и видеозаписите на интернет.
- Знае кои стратегии треба да ги користи за контрола, управување и бришење на податоците кои ги собираат/складираат онлајн системите.
- Знае дека системите со вештачка интелигенција може да се употребуваат за автоматско создавање дигитални содржини (на пр. текстови, вести, есеи, објави, музика, слики) со користење постојна дигитална содржина како извор. Таквите содржини може тешко да се разликуваат од оние кои ги создал човек.
- Знае што е пристрасно потврдување и развива критички пристап според сопственото размислување.
- Запознаен е со значењата на невербалните пораки (на пр. смајлиња, емотикони) кои се користат во дигиталните средини (на пр. друштвени медиуми, инстант размена на пораки) и знае дека нивната употреба може културолошки да се разликува меѓу земјите и заедниците.

План за активност 3: Запознавање со Европската декларација за дигитални права и начела

Како темелен дел на дигиталното граѓанство, важно е да ги знаете и да ги остварувате своите дигитални права. Во јануари 2022 година, Европската комисија предложи „*Европска декларација за дигитални права и начела*“. Меѓу другите предложени права, во Декларацијата се наведува следново:

- Децата и младите треба да бидат оспособени за донесување сигурни и информирани одлуки и за изразување на својата креативност во онлајн средини.
- Децата имаат право на заштита од сите казнени дела кои се вршат со посредство или со помош на дигитални технологии.
- Секој има право на заштита на своите лични податоци на интернет. Тоа право вклучува надзор на тоа како се употребуваат тие податоци и со кого се споделуваат.
- Секој треба да има пристап до дигитални технологии, производи и услуги конципирани така што ќе бидат сигурни, заштитени и ќе ја штитат приватноста.
- Секој има право на слобода на изразување во интернет средини, без страв од цензура или застрашување.
- Замолете ги учениците прво сами да ги формулираат своите права и она што им е важно, а потоа нивните идеи споредете ги со дигиталните права предложени на европско ниво.

План за активност 4: Следење дигитални отпечатоци

Заедно со учениците истражете ги дигиталните отпечатоци (погледнете ја дефиницијата во Оддел 4) и дискутирајте во која мера активно или пасивно создавате отпечатоци. Обидете се да дознаете во која мера вашите податоци се препраќаат до трети страни во образовното опкружување или надвор од него. Заедно со класот разговарајте за предностите (на пр. оптимизација, персонализација) и недостатоците (повреда на приватноста) кои ова може да ги има и како учениците можат најдобро да управуваат со својата присутност на интернет.



6. Дезинформации: за што станува збор?

Мисинформации

проверено лажни информации кои се објавуваат без намера да се измами некој. Често се споделуваат бидејќи корисникот верува дека се вистински.

Дезинформации

докажливо лажни или измамнички информации кои се смислени, изнесени и се шират заради стекнување економска корист или намерно залажување на јавноста. Тие може да наштетат на јавниот интерес.

Малинформации

фактички точни информации кои се користат или прикажуваат на штетен или злонамерен начин

Упатствата првенствено се однесуваат на дезинформациите. Како што е наведено во Оддел 4, дезинформациите се смислуваат, изнесуваат и шират заради стекнување економска корист или намерно залажување.

Концептот на дезинформирање може дополнително да се појасни преку примери. Следниве примери даваат замисла за видовите дезинформации на кои наидуваат учениците во училниците и надвор од неа. Во секое сценарио[6] постои намера за измама и манипулација со мислењата, емоциите и постапките.

1. Во намерен обид за напад на владите и нивните здравствени програми, на разни блогови се шират лажни информации дека вакцините против болеста КОВИД-19 не се наменети за заштита од неа, туку се форма за масовна контрола на популацијата. Без докази, се тврди дека вакцините се владина алатка за борба против климатските промени, така што ќе се намали популацијата и дека тие се осмислени за да предизвикаат неплодност.
2. Во обид да се прикаже во лошо светло ЛГБТИК-заедницата, многу корисници на друштвените мрежи во мај 2022 година ширеа информации дека еден напаѓач во училиште во Тексас е трансродово лице. Неточните тврдења ги поддржаа и разни американски политичари и политички влијателни лица, а некои од нив трансродовоста ја поврзаа со насилство.
3. Според приказната која во февруари 2017 година ја објави познат француски политичар, кампањата на претседателот Емануел Макрон финансиски била поддржана од Саудиска Арабија. Беше клонирана веб-локацијата на влијателен весник, со цел приказната да изгледа легитимно и така е објавена лажна приказна.
4. Во март 2022 година, се појави видеозапис во кој украинскиот претседател Володомир Зеленски се појавува зад говорница и им кажува на Украинците да го остават оружјето и да се предадат. Иако тој таканаречен дипфејк не беше софистициран, на невештото око му изгледаше реално.
5. Во февруари 2022 година, лажна објава на Твитер од сметка која се претстави како CNN објави вест за „првата американска жртва од украинската криза“. Иако, лесно можеше да се докаже дека информациите се лажни, ова резултираше со напади на друштвените медиуми на легитимитетот на CNN како извор на вести.


Постапување со дезинформациите

Како што го развиваат својот друштвен идентитет и ги градат своите гледишта, учениците се среќаваат со мноштво информации, од кои некои се корисни и информативни, а некои се лажни, измамнички и манипулативни. Во 21 век, повеќето од овие информации се појавуваат на интернет или се пренесуваат преку друштвените медиуми.

Во денешниот свет, дезинформациите може да се шират многу подалеку, побрзо, подлабоко и пошироко од реалните информации. Најефикасните комуникатори во нашиот дигитален свет не се нужно обучени професионалци, како што се новинарите, туку често се лица кои се први, најбрзи и најприсутни на интернет и користат персонализирани пораки за поврзување со својата публика. Дезинформациите може да нанесат штета врз поединците, групите и општеството. Истовремено, може да бидат во бројни форми (погледнете неколку примери во **поле 4** во продолжение). Меѓутоа, главно обележје на сите дезинформации е дека се измислени приказни, лажни информации и мислења кои се промовираат како факт и „вистина“.

План за активност 5: Разликување факти од мислења

Играјте ја играта „факт или мислење“ со своите ученици. Ова е многу едноставен начин за учениците преку игра да добијат увид во однос на фактите и мислењата, а е соодветен за ученици од основно и средно училиште. Изнесете им на учениците десет однапред избрани изјави кои се или факт или мислење (на пример: „надвор е нула степени“ во однос на „надвор е премногу ладно“). Такви изјави лесно може да најдете на интернет (практично за во иднина). Учениците мора да одлучат кои изјави се факти, а кои мислења. Треба и да аргументираат зошто мислат дека е тоа така. Оваа активност може да се прошири со прашањето како учениците одредуваат што е факт, а што мислење.



На сличен начин може да ги споредите науката наспроти псевдонауката. Но, ова е посоодветно за малку повозрасни ученици.

Совет 8: Проверка на изворите



Колку често учениците го проверуваат изворот кога читаат статии што им се појавуваат во вестите на друштвените медиуми? Дали некогаш проверуваат дали изнесените факти се вистински точни? Ако проверуваат, како го прават тоа?

Разговарајте со учениците за тоа која е разликата помеѓу медиумски професионалци и новинари граѓани.

Други планови за активности за кои може да размислите:

- Дајте им на учениците, во мали групи, да посетат неколку извори на вести на интернет и да читаат за некој општествен проблем (на пример за климатските промени). Нека прочитаат една или повеќе однапред избрани статии и нека обработат што во нив е мислење, а што став. Дали фактите во статиите се доследни? А мислењата?
- Дајте им на учениците да напишат (аргументиран) есеј за општествен проблем кој ги интересира, така што во него ќе вклучат факти и мислења.
- Одржете активност со размена на идеи. Нека ги набројат сите обележја кои ќе им паднат на памет кога ќе го видат зборот „факт“ и кога ќе го слушнат зборот „мислење“. Што перципираат како сличности и разлики помеѓу овие два поими?

Предупредување: (Младите) луѓе треба да внимаваат на овие видови измамнички содржини!

Лажно присвојување: автентични слики, видеозаписи или цитати преземени од други настани

Измислена содржина: содржина која е измислена, понекогаш во комбинација со вистинска содржини

Лажни извори: на пример, интернет страници, блогови или сметки на Твитер кои се претставуваат како познат бренд или личност или како (училишен) пријател

Лажна врска: содржината не одговара на насловот/описите на сликата

Лажен контекст: информациите кои се пренесуваат се во основа точни, но во погрешен контекст



Кривотворена содржина: Содржини како што се статистички податоци, графикони, фотографии и видеозаписи се изменувани или кривотворени. Овде спаѓаат чипфејк и дипфејк содржини

Злонамерни информации користени како оружје: преувеличување на факт

Заклучоци засновани врз гласини: цврсти заклучоци донесени врз основа на информации кои се всушност гласини

[6] Сценаријата се преземени од разни интернет страници кои се занимаваат со пристрасност на медиуми. Европската комисија не зазема официјален став за вистинитоста на овие примери.

Поле 4: Специфични форми на дезинформации – можности за наставниците и едукаторите во конкретни училишни предмети

Чипфејк содржините сè повеќе ги создаваат самите млади луѓе. На пример, ученик или група ученици можат компјутерски да малтретираат друг ученик (нивната цел) така што ќе го стават неговото лице преку компромитирачки фотографии од друга личност, а потоа таа лажна слика ќе ја прошират преку друштвените медиуми. Тоа може да има сериозни последици, особено за малтретираната личност. За да покажат колку е лесно да се произведе чипфејк, наставниците по ликовна уметност (со доза претпазливост) може да ја обработат оваа тема во наставата. Повеќе детали побарајте во предупредувањето „Учење преку практика".

Псевдонаука се изјави, убедувања или практики за кои се тврди дека се научни факти, но не се совпаѓаат со научната метода. Бидејќи ваквите дезинформации се вообичаени, наставниците по природни науки имаат можност на учениците да им ја објаснат разликата помеѓу науката и псевдонауката.



Посебно наставниците по историја или граѓанско образование може да обработат како настануваат теориите на заговор или измамите и како тие се користеле низ историјата за политички цели. Наставниците или едукаторите може да наведат и многу современи теории на заговор. Важно е да им се посочи на учениците дека тие постојат, но и дека многу кои се шират низ медиумите се измислени и дека зад нив често стои политичка агенда. Видете го предупредувањето во продолжение.

Карактеристики на дезинформациите

Дезинформациите може да се појават во многу контексти и на разни платформи. Некои се посебно насочени на младите и осмислени да влијаат врз нив. Следат неколку заеднички карактеристики на дезинформациите (видете го пропратниот **План за активност 6**):

1. Креирани се на таков начин да влијаат емоционално врз таргетираната личност. Со ова ѝ го отежнуваат логичкото и критичкото размислување.
2. Го напаѓаат противникот и промовираат став „ние против нив".
3. Ги поедноставуваат фактите и го исклучуваат контекстот.
4. Упорно повторуваат една иста идеја.
5. Ги занемаруваат различните аспекти на фактите, така што изнесуваат само една страна од некој проблем.
6. Манипулираат со сликите на разни начини, како што се ретуширање и сечење.
7. Преземаат слики од изворниот контекст и ги комбинираат со други слики, музика/звуци и текстови за да им придадат ново значење.
8. Ги искористуваат познатите луѓе и славните лица на кои им се восхитува целната група.
9. Сè повеќе користат чипфејк и дипфејк.
10. Отпорни се на докази кои се обидуваат да ги оспорат.

План за активност 6: Просудување информации

Изберете еден или повеќе текстови кои очигледно содржат дезинформации и за кои е лесно да се најдат противаргументи. Од помош ќе ви биде да пребарате страници за проверка на факти. Учениците нека ги прочитаат текстовите со разбирање, а потоа прашајте ги дали можат да ги препознаат претходно опишаните карактеристики. Прво нека го направат тоа поединечно, а потоа во мали групи, за што повеќе да научат од задачата.



Зошто се создаваат и шират дезинформации?

Откако учениците ќе ја сфатат дефиницијата за дезинформации, тие најверојатно ќе прашаат „*Зошто луѓето создаваат дезинформации? Што е тоа што ги мотивира?*" Можете да им помогнете да пронајдат одговори на тие прашања.

Важно е учениците да знаат дека дезинформациите се создаваат и шират поради повеќе причини. Во идеален случај, можат сами да го истражат тоа прашање (видете **План за активности 7**), но важно е вие, како наставник или едукатор, по таквата задача да им дадете повратни информации и да им објасните дека одредени индивидуи или групи создаваат дезинформации за да влијаат врз другите. Ова може да биде поради идеолошки причини, да се уверат луѓето дека одредено политичко мислење е правилно, но и за да се оствари финансиска придобивка. Кога станува збор за поблаги дезинформации, може да спомнете дека нивниот можен мотив е забава (на пр. одредени форми на сатира) и дека во тие случаи со измама сакаат да стекнат следбеници. Затоа е важно учениците да ги знаат различните мотиви за создавање дезинформации, формите во кои може да се појават и потенцијалната штета која може да ја нанесат.

Размислете за...

- Разговор со учениците (прво апстрактно, а потоа полично, ако тоа го дозволува атмосферата во групата) за тоа кои видови онлајн информации предизвикуваат емоции какви што се лутина, тага, гордост или анксиозност.
- Разговор со учениците за тоа што би можело да ги поттикне да споделуваат содржина без размислување. Прашајте ги дали можат да наведат примери од лично искуство. Потсетете ги дека силните емоции, какви што се радоста или лутината, го отежнуваат рационалното и критичко размислување.
- Поттикнување дискусија за важноста на проценатa на изворот на информациите. Добар показател за веродостојноста на изворот е транспарентното наведување од каде потекнуваат информациите.

План за активност 7: Истражување за тоа за што служат дезинформациите

Наместо да им објасните на учениците зошто се создаваат информации, тие сами нека истражат на интернет. Ова може да биде општа задача или поделете ги учениците во помали групи и секоја задолжете ја да истражи причини поради кои луѓето (или организациите) би можеле да шират дезинформации за, на пример, болеста КОВИД, климатските промени, бегалците и мигрантите, верските малцинства, сексуалните малцинства, жените, итн. Потоа, групите нека презентираат што дознале. Кои се сличностите и разликите?



За помладите возрасни групи, може да изберете полесни и помалку сложени теми кои е полесно да се обработат.

! Пред да им ја дадете задачата на учениците, би било добро самите да ја истражите избраната тема за да можете подобро да го насочувате разговорот во училницата.

Важно е учениците да знаат дека во одредени случаи, ширењето дезинформации може да им донесе економска корист на одредени луѓе. Тоа вклучува влијателни лица (инфлуенсери) и автори на содржина на друштвените мрежи кои заработуваат со објавување содржини на интернет, а учениците можеби ги следат.

Колку поспектакуларни и поконтроверзни се информациите објавени на интернет и друштвените медиуми, толку е поголема веројатноста дека луѓето ќе ги читаат и споделуваат, а авторите на таквите вести ќе добијат поголем приход од огласувањето. Оние кои шират лажни и/или измамнички информации ќе се обидат да придобијат што повеќе луѓе да ги споделат. Страниците со „лажни“ вести, кои се копија на изворната страница со вести, се еден од ефикасните начини да се прошират дезинформациите заради финансиска добивка.

Совет 9: Бидете двигател на промени

Во идеален случај, препознавањето проблеми, односно тоа дека дезинформациите се присутни, брзо се шири и нанесува штета, треба да доведе до размислување за тоа како да се спречат и сузбијат дезинформациите. Таквото размислување и дискусијата која следува по него често водат до општи изјави за одговорноста кај учениците, меѓу другото, затоа што не секогаш ја гледаат својата улога во тој процес. Ако ги убедите дека може да бидат двигател на промени, тоа може да доведе до понатамошни конкретни активности во училницата и училиштето за развој на стратегии насочени кон сузбивање на дезинформации (видете ги другите примери во овој оддел).



Размислете за...

Откако ќе утврдат дека дезинформациите претставуваат разни закани, на учениците поставете им ги следниве прашања за одговорност:

a. Која е улогата и одговорноста на медиумите во ширењето дезинформации? Која е улогата и одговорноста на корисниците на технологија? А што е со (друштвените) медиуми?
b. Знаете ли дека постојат разни општествени иницијативи и мерки за сузбивање дезинформации? Дали се согласувате со нив? (на пример, со разни постапки какви што се цензура, кои се спорни од аспект на човековите права – прво ќе треба да ги запознаете учениците со постојните мерки).
c. Која е улогата и одговорноста на друштвените медиуми и другите платформи во сузбивањето дезинформации?
d. Која е улогата на владата во сузбивањето дезинформации? Преиспитајте ги мерките кои ги преземаат локалните или националните влади: дали може да се направи нешто повеќе? Дали се запознаени со работата на владата во таа област?
e. Што проверувачите на факти можат/прават за сузбивање на дезинформациите?
f. Која е улогата и одговорноста на корисниците на технологија, како што сте и вие самите, а и вашата заедница? Можете ли и вие да дадете придонес?

Дезинформациите може да се шират и во идеолошки цели. На пример, екстремистичките организации со дезинформирање се обидуваат да придобијат луѓе за својата цел и да регрутираат нови членови. Владините дезинформации се исто така загрижувачка форма на дезинформирање во идеолошки цели. Станува збор за дезинформации кои се креираат за да се промовираат државните интереси, а намерата им е да влијаат врз јавното мислење (во таа или во друга држава). Тие може да ги продлабочат поделбите во општеството, негативно да влијаат врз перцепцијата на одредени малцинства и да влијаат врз другите земји. Ако попримат екстремистички облик, може да бидат изговор за војна и оправдување на војна

План за активност 8: Расправа за слободата на медиумите



Разговарајте со учениците за тоа дали е помалку веројатно дека дезинформациите ќе ги шират слободните медиуми отколку медиумите кои ги цензурира владата. Може да го погледнете и Светскиот индекс за слобода на медиуми и на учениците да им ја покажете положбата на повеќе земји во тој поглед: https://rsf.org/en/index. Страницата е достапна на 6 јазици, визуелно ја прикажува ситуацијата и има многу малку текст.


Предупредување: Учење преку практика

Учењето преку практика е одлична метода за длабинско учење, па некои наставници или едукатори може да се одлучат за активности во кои учениците создаваат сопствени дезинформации. На пример, наставникот по ликовна уметност може на учениците да им даде задача да изработат чипфејк со помош на дигитални технологии за да им покаже како настанува таквата содржина. На тој начин, можеби учениците подобро ќе ги разберат начините на кои настанува таквата содржина, но таквиот пристап со себе носи одредени ризици. Постои опасност дека учениците ќе ги користат новите вештини на несоодветни начини (како на пример за кибер-малтретирање на други ученици). Чипфејк им овозможуваат на учениците, на пример, да стават нечие лице на компромитирачка фотографија од друга личност и да ја прошират како „вистинска“. Подеднакво е ризично и да се упатат учениците да манипулираат со слики за да им се покаже како тоа функционира. Многу е важно да се фокусираме на тоа што учениците можат да направат за да сузбиваат дезинформации (да се насочат кон решенија).



Што е проверка на факти?

Како што е наведено во одделот со дефиниции во овие упатства, проверката на факти е постапка за проверка на вистинитоста на информациите. Применлива е на сите видови медиуми (на пр. текст и слика). За да се утврди дали информациите се веродостојни, може да се постават следниве прашања: *Кој е авторот? Кои се доказите и што велат другите веродостојни извори – а кои извори се веродостојни?* За проверка на фактите, често помага да се пребара текстот и обратно да се пребараат сликите. Така може да се утврди дали текстот е точен, дали сликата е манипулирана и/или извлечена од контекст. Проверката на факти е корисна и пред и по објавувањето на информацијата.



Испитување изјави за вистинитоста на информациите на интернет

? Кој е авторот/изворот?

? Какви докази се изнесени?

? Што велат другите извори?

Споделете ги сознанијата со останатите.

Размислете за...

- Запознавање на учениците со интернет страници релевантни за локалните или меѓународните проверувачи на факти, ако се достапни на вашиот јазик.
- Поканување гостин предавач во училницата/училиштето да говори за дезинформациите и проверувањето факти.
- Да им покажете на учениците (од соодветна возраст) видеозаписи на интернет со кои се објаснуваат дезинформациите и постапката за проверка на факти. Потоа, нека ги споредат видеозаписите.
- Информирање за тоа кои локални, национални или меѓународни невладини организации може да помогнат при проверката на факти и обратете им се. Сè повеќе невладини организации се специјализирани за тоа, а многу од нив соработуваат со училиштата.
- Учество со своето училиште или класот на национални и меѓународни настани, какви што се Меѓународниот ден за проверка на факти (обично на почетокот на април). Повеќе информации на својот јазик ќе најдете на оваа врска.

План за активност 9: Вклучување во проверување факти

Учениците нека проверуваат факти од медиумски изјави од тој ден или седмица, за да бидат актуелни. Ќе треба да ги упатите на некои извори кои ќе ги најдете однапред. При изведување на оваа активност учениците може – поединечно или во мали групи – да се прашаат следново:

- НА КОИ извори можеме да им веруваме?
- КАДЕ можеме да ги најдеме тие извори?
- КОИ емоции се обидуваат да ги поттикнат информациите?
- КАКО тие информации влијаат врз нашите чувства и мислења (односно, дали им успева во нашиот случај и зошто)?
- КАКО ние можеме да ги споделиме тие информации со други корисници на одговорен начин?
- ЗОШТО е напишана статијата, која е нејзината цел?
- ЗА КОЈ вид читатели е напишана статијата (целна група)?
- КАКО можам да проверам дали информациите се вистинити или лажни?
- Ако е тоа статија во весник, КАКО привлекува внимание (на пр. има живописни бои, впечатливи слики, големи наслови, извичници)?



Што е разоткривање?

Разоткривањето се случува откако ќе се појават лажните информации. Целта е да се коригираат лажните информации и да се спречи другите да поверуваат во проверено лажните информации. Што значи, оние кои ги читаат или ќе ги видат ќе може да „го прочитаат“ она што се претставува како факт и/или вистина. Стратегиите за проверка на факти може да се применат и за разоткривање (ненамерно) погрешни информации и дезинформации.

Што е препознавање?

Препознавањето е процес во кој луѓето однапред се предупредуваат дека наскоро ќе бидат цел на лажни информации. Се темели на принципот „подобро да се спречи, отколку да се лечи“. Може да ги научите учениците да препознаваат така што однапред ќе им дадете фактички и детални информации за одредена тема, а потоа за истата тема ќе изнесете постојни дезинформации. Може и однапред да им кажете какви видови дезинформации може да очекуваат.

Размислете за...

- Да ги прашате учениците за тоа какви гласини и трачеви слушнале (и сакаат да говорат за нив без осудување). Прашајте зошто е толку тешко да се разоткријат.
- Разговор со колеги за видовите на кампањи за дезинформирање за кои предвидуваат дека ќе се одржат во врска со клучни општествени прашања во претстојниот период. Какви видови дезинформации очекуваат? Заедно осмислете некои меѓу-предметни активности кои вклучуваат разоткривање.

Совет 10: Работа со учениците на препознавање и разоткривање

Како наставник или едукатор, за да можете да работите на разоткривање и препознавање, мора да имате добри вештини за управување со класот, бидејќи учениците може да поверуваат во некои лажни информации што се шират. За да спречите отпор и исклучување на учениците, можеби би било добро да почнете со теми кои тие не ги сметаат за премногу контроверзни, како што е наведено во одделот „*Креирање поволна средина*“. На почетокот, ова може да вклучува лажни информации, гласини или трачеви кои се проширале многу пред нивното раѓање (на пр. моралната паника во врска со вештерките во средниот век) или лажни информации далеку од нивната реалност (во некои земји има мит дека вашето дете ќе биде непослушно ако јадете ракови). Разоткривањето на тие лажни информации, со оглед на она што го знаеме денес и познавањето на науката, е релативно едноставно и не ги загрозува учениците. Корисна активност е учениците да разоткријат такви информации користејќи докази и научни сознанија.

Откако учениците ќе ја сфатат суштината на разоткривањето, од нив може да се бара да ги препознаат истите информации ако повторно се појават. Може да ги прашате и дали пристапот што го одбрале за разоткривање и препознавање е сличен или различен.



Процена на веродостојноста на информацијата и како да се препознаат и користат легитимни извори

Што значи и зошто е важно?

Проверувањето на факти, разоткривањето и препознавањето лажни вести зависат од способноста (на учениците) да ја просудат точноста на информацијата, да користат легитимни извори и критички да размислуваат за информациите. На учениците им се нудат милиони одговори на секое можно прашање, па можеби ќе ви биде тешко да им помогнете да ги разликуваат фактите, мислењата и дезинформациите (и ненамерно погрешните информации). Да ги научите учениците да се снаоѓаат во дигиталниот свет е секако предизвик, но и можноста да се истакнат предностите кои ги носи можноста од пронаоѓање на точните информации на интернет кои имаат образовна вредност. Да им овозможите на учениците да препознаваат веродостојни информации значи да им дадете клучеви вредни за информатичкиот свет. Меѓутоа, тоа значи и дека мораат да ги знаат основите на начините на кои се создаваат и шират дезинформации.

Разбирање на различните димензии на дезинформациите

Технички аспекти на дезинформациите

Повеќето ученици знаат да користат дигитални уреди, но не знаат како тоа се прави одговорно ниту како модерната технологија го олеснува ширењето на дезинформации. На пример, иако вештачката интелигенција (AI) е моќна алатка за сузбивање дезинформации и погрешни информации, може да се злоупотреби за создавање дипфејк содржини. Мрежите на ботови може да шират неточни информации на интернет. Разбирањето на техничките аспекти на дезинформациите ви овозможува да сфатите како всушност функционира дезинформирањето.

План за активност 10: Дискусија со учениците за технолошките аспекти на дезинформациите



Може да започнете така што ќе ги прашате учениците дали мислат дека технологијата поврзана со дигитални уреди може ефикасно да шири дезинформации и зошто мислат дека тоа е така. Ова може да ви послужи како основа од која можете понатаму да ја развивате активноста. Може да ви помогне и во разбивање на митовите и погрешните сфаќања. Ваква активност може да се спроведе уште во основно училиште.

Размислете за...

- Да ги прашате учениците дали знаат како функционираат алгоритмите, мамките за кликови и ботовите (во смисла на технологија).
- Да им дадете задача да спроведат истражување (наместо да одговорат на претходните прашања). На пример, нека најдат на интернет еден до два кратки видеозаписи за кои мислат дека тоа добро го објаснуваат. Потоа, вие изберете еден или два кои ќе ги прикажете на класот.
- Да ги истражите сè повеќе присутните онлајн образовни игри кои на учениците и другите им даваат увид во тоа како функционираат дезинформациите.

Етички аспекти на дезинформациите

Покрај обработката на технолошките аспекти на дезинформациите, дискусијата за етичките аспекти на дезинформациите со учениците може да им даде поцелосна слика за тоа како функционираат дезинформациите и на кој начин може да нанесат штета на индивидуите во општеството, но и за нивната лична одговорност во дигиталното подрачје, особено за нивната одговорност да не споделуваат дезинформации и да ги предупредат другите за нив.

Совет 11: Поврзување со човековите права

Дискусиите за прашањата за човековите права какви што се слободата на печатот, говорот и информирањето, како и зошто платформите на друштвените медиуми ги приспособуваат содржините за ученици може да дадат дополнителен увид во дезинформациите и проблемите поврзани со нивното ширење.

Може да користите разни методи за дискусија, дијалог и размислување за да ги наведете учениците активно да се вклучат во темата. На пример, нека дискутираат за предностите и недостатоците на забраната на одредени лица да учествуваат во друштвените мрежи или за блокирањето одредена содржина. Што мислат за тоа? Кои се нивните аргументи? Може да ја прокоментирате законитоста на одредени мерки за сопирање дезинформации. За тоа мора да се потсетите на важечките прописи.



Размислете за...

- Да ги истражите најновите иницијативи на политиките на ЕУ за спречување ширење дезинформации (на пр. Кодексот за добри практики во сузбивање дезинформации од 2022 г.[7], Законот за дигитални услуги[8] и Законот за дигитални пазари[9])
- Да ги прашате учениците што мислат за претходните иницијативи (особено учениците во средните училишта, преку работа во мали групи или заедно со целиот клас).
- Да им дадете задача на учениците да погледнат некои реклами, а потоа прашајте ги што треба да се постигне со нив. Дали тоа се разликува од дезинформациите? На кој начин?
- Да ги прашате учениците што сметаат за граница кога е во прашање слободата на говор. Дали треба да се дозволи целосна слобода на говор, дури и ако е проверено лажна и предизвикува штета?
- Осмислување кампањи заедно со учениците за да се предупредат другите членови на училишната заедница на најраширените дезинформации во тој момент.

Економските аспекти на дезинформациите

Како што е наведено во почетокот на одделот, ширењето дезинформации некому може да му донесе економска корист. Може да започнете така што ќе ги прашате учениците кои претпријатија би можеле да целат на нивната возрасна група со такви информации?



План за активност 11: Дискусија за економските аспекти на дезинформациите

Може да започнете со дискусија така што ќе ги прашате учениците за нивните хобија, интереси и мислења. Прашајте ги, со оглед на тоа што им се допаѓа, кој би можел да биде заинтересиран да го насочи маркетингот на нив. Што сакаат да постигнат тие претпријатија или организации? Како го прават тоа? Како притоа им помагаат алгоритмите на друштвените медиуми? Таквата активност може, на пример, да биде размена на идеи или, прво, работа во мали групи.



Размислете за...

- Прашајте ги учениците дали користат е-трговија. Дали забележале некаков вид измама кога ја користат? Какви видови измама се тоа? Зошто би ги измамила компанијата?
- Прашајте ги учениците кои компании може да ги сметаат за целна група? Ако сакаат, може да зборуваат за лични искуства.
- Прашајте ги учениците дали знаат што е тоа фишинг. Доколку не знаат, објаснете им. Каква штета предизвикува фишингот?
- Прашајте ги учениците дали знаат како друштвените мрежи заработуваат пари. Доколку не знаат, објаснете им. Прашајте ги учениците дали знаат што е тоа алгоритам. Доколку не знаат, објаснете им. Прашајте ги дали може да претпостават кои импликации за поединецот и општеството ги има користењето алгоритми за персонализација на искуството на интернет, вклучувајќи го и персонализираното огласување. Прашајте ги како тоа влијае врз нив и нивните врсници.

[7] https://digital-strategy.ec.europa.eu/en/policies/code-practice-disinformation

[8] https://digital-strategy.ec.europa.eu/en/policies/digital-services-act-package#:~:text=The%20Digital%20Services%20Act%20and,level%20playing%20field%20for%20businesses

[9] https://competition-policy.ec.europa.eu/sectors/ict/dma_en

Некои когнитивни и емоционални димензии на дезинформациите

Една од причините зошто може да биде тешко да се уверат луѓето дека одредени информации се лажни е поврзана со општите когнитивни и емоционални, но и многу човечки механизми поради кои може да бидеме отпорни на коригирање на информациите. Изнесувањето факти и вистини често не е доволно за да се уверат луѓето дека нивните ставови се погрешни. Покрај тоа, многу од нас не мислат дека се особено подложни на дезинформации. Затоа, важно е младите да бидат отворени за нов начин на размислување, да прифатат дека реалноста е слоевита и дека нема едноставни одговори на сложени прашања.

Поле 5: Главни когнитивни и емоционални механизми кои (младите) луѓе може да ги одвратат од тоа да ги прифатат доказите кои се косат со нивното мислење

Потреба за припадност и општествен идентитет: сите ние сме поединци со сопствени убедувања и вредности, но истовремено сме и друштвени битија кои имаат силна потреба да припаѓаат во општествените групи. Припадноста во општествени групи има многу предности за нас и, обично, подготвени сме да направиме компромиси (па и да ги занемариме доказите што ги оспоруваат нашите ставови) за да го зачуваме групниот идентитет.

Пристрасно потврдување или негирање: пристрасно потврдување: човечките битија од сите возрасти имаат несвесна психолошка желба да бараат потврда за своите верувања, а не информации кои би можеле да ги оспорат или разнишаат тие верувања. Пристрасно негирање: човечката склоност на игнорирање или отфрлање на информациите и тврдењата кои ги доведуваат во прашање нивните верувања, дури и кога се докажано вистински.

Лажен ефект на консензус: (младите) луѓе имаат тенденција да го преценуваат бројот на луѓе кои го споделуваат нивното (погрешно) убедување.

Ефект на придружување: лицата прифаќаат некоја идеја или верување бидејќи им се чини дека сите го прават тоа.



Наивен реализам: човечката склоност кон верување дека сме рационални, објективни и непристрасни кога го толкуваме она што го гледаме околу себе, а дека другите се нерационални, пристрасни или погрешно информирани.

Ефект на континуирано влијание: феномен дискредитираните (дез)информации и понатаму да влијаат врз нашето однесување и верувања. Луѓето продолжуваат да се потпираат на лажните информации при толкување на информациите, заклучувањето и расудувањето. Се покажало дека ова е случај особено кога станува збор за теориите на заговор (видете го полето за теории на заговор).

План за активност 12: Дискусија за теориите на заговор



Учениците нека истражат на интернет за тоа што се теории на заговор, а потоа запознајте ги со стари теории на заговор кои денес веќе не се толку контроверзни (за ова треба наставникот однапред да се подготви). Кој ги ширел тие теории? Како се проширили? Кои биле целите од нивното ширење? Какви биле последиците? Каква улога имале гласините, трачевите и предрасудите притоа? Овој процес на самооткривање може да доведе до подлабоки сознанија.

Дајте им задача на учениците да утврдат кои се заедничките обележја на теориите на заговор. Кои емоции сакаат да ги предизвикаат?

Потоа, прашајте ги учениците како теориите на заговор се разликуваат од повеќето други дезинформации.

Прашајте ги како се разликуваат вистинските заговори (бидејќи и тие постојат) од оние кои немаат основа во реалноста.


Предупредување: Дискусија за теориите на заговор

Теориите на заговор се посебен вид дезинформации и може да бидат особено отпорни на оспорување со факти и докази. Тие се од таква природа, што е тешко да се побијат. Истовремено, особено се подложни на спомнатиот ефект на континуирано влијание. Оттука, често треба внимателно да ѝ се пристапи на дискусијата за теориите на заговор со учениците.

Главни обележја на теориите на заговор, по правило, се следниве:

- Се обидуваат да манипулираат со мислењата и верувањата.
- Не се само лажни информации, туку се поврзани со поширок општествен поглед на она што е добро и лошо во светот.
- Ги утврдуваат жртвите (често сопствената општествена група) и сторителите (другите)
- Често настојуваат да го зголемат чувството на припадност во група (ние наспроти нив) и имплицираат повик на делување.
- За негативните настани обвинуваат неодредени, скриени и тајни „реалности“ и организации.
- Претпоставуваат дека моќни групи кријат нешта од нас и се обидуваат да ни нанесат штета.
- Често комбинираат факти со лаги за да бидат поубедливи.
- Предизвикуваат емоции и се отпорни на секаков вид докази.
- Може да донесат економска или политичка добивка за оние кои шират лажни теории на заговор.





7. Вреднување и евалуација на дигиталната писменост во училиштето и училницата: конкретни насоки за наставниците и едукаторите

Проценувањето на напредокот на ученикот во образованието е основен и неопходен дел од училишната реалност во Европа и е една од најважните задачи што ја имате како наставник или едукатор. Тоа важи и за проценување на дигиталната писменост на ученикот.

Бидејќи дигиталната писменост е релативно ново подрачје во образованието, тоа може да биде предизвикувачка задача. Компетенциите во подрачјето на дигиталната писменост се состојат од знаење, ставови и вештини. Оттука, секоја сеопфатна процена на учениците треба да биде повеќедимензионална и да се обиде да ги измери сите три елементи. Совладувањето и напредокот во подрачјето на дигиталната писменост е најдобро да се поврзат и со (конечниот) производ и со процесот. Понатаму, начинот на проценување на совладувањето и напредокот треба да се приспособи според тоа дали дигиталната писменост се подучува во рамки на повеќе предмети (трансверзално) или како посебен предмет.

Што можеме и што треба да процениме?

Критичкото размислување е клучен елемент во дигиталната писменост, бидејќи им овозможува на учениците да станат отпорни во дигитални средини каде што со веродостојните информации циркулираат и лажни вести. Секој наставник треба да праша дали учениците ги поседуваат знаењето, вештините и ставовите кои им се потребни за добро снаоѓање во дигитален свет.

Дигиталната писменост кај младите може да се процени според димензиите како што се: (1) способноста за разликување факт од мислење, (2) способноста за препознавање манипулативни стратегии, (3) способноста за проверка на факти на интернет, (4) способноста за пронаоѓање, употреба и создавање информации на критички, конструктивен и креативен начин и (5) способноста за ефикасно користење дигитални уреди.

Совет 12: Комуникација со колеги

Дознајте како вашите колеги ја проценуваат дигиталната писменост, ако го прават тоа, како и кои видови инструменти ги користат притоа. Некои инструменти веројатно се поверодостојни и попрецизни од други.



Видови процени

Постојат многу начини за проценување на учениците при промовирање дигитална писменост во образованието. Вообичаените начини за процена на совладувањето и напредокот се проверката на знаењата и вештините, проценатa која ја спроведувате самите вие и самооценувањето на учениците, како и размислувањето за резултатите од тестовите или искуствата на учење. Можеби ќе се одлучите на комбинација од проверки и други видови проценувања за да добиете правилна слика за постигнувањата на вашите ученици. Веќе постојат мноштво материјали и веродостојни инструменти за процена на дигиталните компетенции. Некои од нив се прикажани во **рамките од 6 до 8**. Со таквите инструменти се оценуваат, на пример, знаењето и вештините на возрасните и учениците за критички да анализираат, да ја споредуваат и оценуваат веродостојноста на информациите на интернет.

[10] Латерално читање во основа е чин на проверка на она што го читате додека го читате.

[11] Извор: Wineburg, S., Breakstone, J., McGrew, S., Smith, M. D., и Ortega, T. (2022 г.). Lateral reading on the open Internet: A district-wide field study in high school government classes. Journal of Educational Psychology. Претходна објава на интернет. https://doi.org/10.1037/edu0000740



Совет 13: Проценување на компетенциите на учениците

При проценување на компетенциите на учениците во подрачјето на дигитална писменост користете комбинација на затворени и отворени прашања, како и кратки есеи.

Проценувањето на **знаењето** на учениците може да вклучува прашања за проверка со кои од учениците се бара да наведат веродостојни онлајн извори за различни теми, да ја опишат разликата помеѓу статија во која се изнесува мислење и вест заснована на факти, да прават разлика помеѓу медиумски професионалци и граѓанско новинарство и да опишат како алгоритмите може да влијаат врз пребарувањата.

Вештините во областа на дигиталната писменост на учениците може да се проверат со проценка во која се бара да препознаат информации чија цел е измама и манипулација во однос на информации кои се неутрални или урамнотежени или да наведат што е доказ за одредено тврдење, анализа или расудување. Ова може да вклучува прашања за процена со кои се бара да оценат колку се веродостојни различни статии, наслови или објави на друштвените медиуми (видете го примерот во **поле 6**), а потоа, нивните „резултати“ може да се искористат за дискусија за тоа како да се подобрат вештините.

Поле 6: Пример за проценување на способностите на учениците да препознаваат манипулативни наслови

1. Вистина или лага? Потцртајте го зборот „вистина“ или „лага“ во насловите во продолжение.
   a. Владата манипулира со перцепцијата за генеричкото инженерство во јавноста за повеќе луѓе да ги прифатат ваквите техники (вистина или лага)
   b. Ставовите према ЕУ се во голема мера позитивни и во рамки на Европа и надвор од неа (вистина или лага)
   c. Одредени вакцини се полни со опасни хемикалии и токсини (вистина или лага)
4. Образложете ги одговорите на првото прашање – зошто сметате дека насловите се вистински или лажни? Како можете да дознаете дали насловите се точни или измамнички?

   Напомена: Насловите 1а и 1в се лажни, а 1б е вистински наслов за вести. Примерите 1а и 1в се примери за теории на заговор. Примерот 1в е обид за манипулација со емоциите. Добар начин да дознаете што е точно е да поставите прашања на стручно лице или да ги проверите фактите во други веродостојни извори.



Вештините на учениците да проверуваат факти може да се проценат според задачите кои вклучуваат латерално читање[10], нивната способност да спроведуваат превртено истражување на слика и пребарување текст преку повеќе пребарувачи, како и нивната способност да разоткриваат дезинформации (на пр. ниво на сложеност). Нивните вештини за препознавање манипулирани слики и дипфејк содржини може да се проценат така што ќе се провери во која мерка се вешти во користење на дигиталните ресурси за разоткривање измамнички информации.

Вештините на учениците за решавање проблеми може да ги процените на различни начини. Може да им дадете „сценарија за дезинформирање“ и да барате да најдат решенија. Притоа, може да ги прашате како би ги провериле фактите, како би препознале и би ги разоткриле дезинформациите и како би го оцениле тој труд (така што ќе напишат есеј, ќе изготват стратегија или дајте им некоја покреативна задача).

Поле 7: Пример прашања за проценување на вештините на учениците за спроведување истражувања на интернет со методата латерално читање[11]

За оваа задача ќе бидат потребни околу 8 минути.

Го истражуваш глобалното затоплување и наидуваш на оваа интернет страница: https://friendsofscience.org. Одлучи се дали оваа веб-локација е доверлив извор на информации за глобалното затоплување. Може да отвориш нова картичка и да спроведеш онлајн истражување, ако тоа е од помош.

1. Дали таа интернет страница е доверлив извор на информации за глобалното затоплување?
   - Да
   - Не
2. Објасни го својот одговор и наведи докази од постојни веб-страници. Секако наведи URL-адреса за веб-страниците што ги цитираш.

   [поле за одговор]



Вештините на учениците во областа на дигиталната писменост може да ги процените и така што:

- ќе ја проверите нивната способност за разликување огласи од вести или способноста да препознаваат веродостојни извори кога истражуваат некој општествен проблем. Дури и ако учениците секојдневно користат дигитални алатки, може да ги немаат вештините потребни за проверка на факти. Оттука, проценката може да вклучува проверка на способноста на учениците да се служат со дигиталните уреди кога, на пример, истражуваат одредени гледишта, разоткриваат лаги и пребаруваат информации на интернет (видете го примерот во **поле 7**).
- користете портфолија. Учениците може да дојдат до сознанија за тоа како се создаваат таканаречените лажни вести така што ќе се побара од нив самите да креираат лажна објава на Твитер или статија со лажни вести, а потоа нека дискутираат за тоа како ќе манипулираат со читателите (ова треба внимателно да се насочува поради претходно споменатите причини).

Може да се процени и **ставот** на учениците према информациите на интернет. Важно е учениците да не бидат наивни при користењето информации од интернет. Многу луѓе сметаат дека се имуни на дезинформации и им веруваат на изворите кои им се познати. Затоа е важно да се процени во која мерка информациите на интернет се сметаат за веродостојни. Истовремено, мора да ја препознаваат важноста на пристапот до веродостојни информации. Таквите прашања може да се проценат така што од учениците ќе се побара да оценат колку онлајн информации ги сметаат за веродостојни, на скала од „сите“ до „ниедна“, а потоа нека оценат колку им е важен пристапот до веродостојни вести (видете ја **поле 8**). Продуктивните **ставови** поврзани со дигиталната писменост се оние **ставови** кои ја преиспитуваат вистинитоста на интернет и позитивните **ставови** према пристапот до веродостојни вести.

Поле 8: Примери за прашања за проценка со кои се испитува ставот на учениците према информациите.[12]

1. Колку информациите на интернет ги сметате за доверливи?

Сите ---------- Ниедна

2. Колку ви е важно вестите што ги читате да се веродостојни?

Нималку важно ---------- Многу важно

3. Мислам дека речиси за сè постојат многу погрешни начини, а само еден правилен.

Потполно се согласувам ---------- Воопшто не се согласувам

4. Треба да се занемарат доказите кои не се совпаѓаат со твоите мислења.

Потполно се согласувам ---------- Воопшто не се согласувам

5. Сметам дека различното сфаќање кое го имаат луѓето во различни општества за тоа што е правилно, а што погрешно, е валидно за нив.

Потполно се согласувам ---------- Воопшто не се согласувам

6. Луѓето секогаш треба да ги земаат предвид доказите кои се противат на нивните верувања.

Потполно се согласувам ---------- Воопшто не се согласувам

Напомена: Со првото прашање се мери дали учениците се наивни или скептични према онлајн информациите, со второто прашање се мерат ставовите на ученикот према веродостојните вести, со третото се мери догматизмот, со четвртото се мери отпорноста на факти, со петтото се мери флексибилното размислување, а со шестото се мери колку учениците се отворени за нови сознанија.



[12] Примери од Nygren, T. и Guath, M. (2022 г.). Students Evaluating and Corroborating Digital News. Scandinavian Journal of Educational Research, 66(4), 549-565. doi:10.1080/00313831.2021.1897876; Roozenbeek, J., Maertens, R., Herzog, S. M., Geers, M., Kurvers, R. H., Sultan, M. и van der Linden, S. (2021 г.). Susceptibility to misinformation is consistent across question framings and response modes and better explained by open-mindedness and partisanship than analytical thinking. Judgment and Decision Making. Во печат.

[13] DigCompSAT https://publications.jrc.ec.europa.eu/repository/handle/JRC123226

Активната отвореност на учениците према новите сознанија е исто така **став** кој е важно да се процени, бидејќи тоа е позитивен став према прифаќањето нови докази и различни перспективи, којшто е тесно поврзан со способностите за препознавање дезинформации. Ова може да се процени така што преку различни активности ќе се набљудува до која мера се волни учениците да го променат својот став за прашањата кога ќе дознаат дека цврстите докази се косат со нивните мислења. Истовремено, важно е да се проценат **ставовите** на учениците на интернет и нивното однесување на друштвените мрежи. Тоа подразбира набљудување на комуникациските стилови на учениците кога, на пример, соработуваат или дискутираат со другите на интернет. Таквата проценка може да вклучува набљудување на нивната склоност кон лични напади, навредување, непочитување и/или нечувствителност на нечија несреќа.

Совет 14: Размислување за природата на проценатa



Проценатa не е само оценување на фактичкото знаење на учениците или на она што е точно или неточно, што е пристрасно, а што не е. Станува збор за мерење на способноста за критичко расудување на учениците и нивната отвореност за противаргументи и подготвеност за активно слушање. Таквите ставови се клучни за учениците да станат одговорни и активни граѓани.

Размислете за...

- Вреднување на знаењата, ставовите и вештините на учениците и пред и по наставата.
- Комбинирање повеќе мерни инструменти, особено оние кои се покажале како веродостојни.
- Користење инструменти за процена со кои се мерат знаењето, ставовите и вештините.
- Воведување нови и подобри инструменти за процена кои може да дадат подобар увид во совладувањето и напредокот на ученикот, посебно со оглед на тоа дека подрачјето на дигиталната писменост брзо се развива.
- Давање повратни информации на учениците за тоа во кои области е потребно подобрување, врз основа на проценката на нивните компетенции
- Користење поотворени прашања и задачи за да ги поттикнете учениците да пребаруваат на интернет пред и по наставата.
- Осмислување начини на кои можете да процените во која мера учениците се критични према догматските информации и колку се оградуваат од противдокази (спротивно од отвореноста према нови сознанија)
- Прашајте ги колегите како ги вреднуваат ставовите како што се отвореност према нови сознанија и флексибилно размислување. Ако не го прават тоа, тогаш разговарајте со нив за тоа како може да се спроведе таква процена.

Предупредување

Кога користите дезинформации за време на проценката, погрижете се учениците да разберат кои информации се точни, а кои лажни. Во спротивно, некои од нив би можеле да поверуваат во погрешното. Тоа е уште поважно поради „ефектот на континуирано влијание“, за кој се дискутираше во Поле 5.



Мерките за дигитална писменост кои учениците ги навеле може да бидат основа за дискусија, размислување и забележување. Ако водите сметка за тоа дали учениците се претерано самоуверени и дали не се особено добри во оценување на сопственото знаење, вештини и ставови, самооценувањето и понатаму може да се користи за добивање важни сознанија за нивното мислење за себе и начинот на кој може да се подобрат. Во продолжение, во **поле 9** се дадени примери за изјави за самооценување. Тие се преземени од проектот DigCompSAT на Европската комисија (инструмент за самооценување наведен во ажурираната рамка DigComp update 2.2).[13] Станува збор за меѓународен ресурс кој може да ви помогне во работата.

Поле 9: Примери изјави за самооценување на дигиталната писменост (DigComp 2.1; DigCompSAT).

- Знам дека различните пребарувачи може да дадат различни резултати од истражувањето, бидејќи врз нив влијаат комерцијални фактори (знаење/средно ниво)
- Можам да користам напредни функции на пребарувачот (вештина/средно ниво)
- Знам да пронајдам интернет страница која веќе сум ја посетил/а (вештина/основно ниво)
- Знам да разликувам промовирана содржина од други содржини кои ги наоѓам или примам на интернет (на пр. препознавање реклами на друштвените мрежи или пребарувачи) (вештина/средно ниво)
- Знам да ја утврдам целта на онлајн изворот на информации (на пр. за информирање, влијание, забава или продажба) (вештина/средно ниво)
- Критички ја проверувам веродостојноста на информациите што ги наоѓам на интернет (став/средно ниво)
- Знам дека некои информации на интернет се лажни (на пр. лажни вести) (знаење/основно ниво)



Digcomp 2.2[14] нуди и начини за проценување на знаењето на учениците со набљудување и водење на процесот на учење преку посебни задачи поврзани со дигиталната писменост. Вреднувањето на знаењето може да се спроведе со набљудување на нивната способност да решаваат (сложени) задачи, нивното ниво на самостојност и когнитивното ниво. Набљудувањето на компетенциите бара приспособување на рубриката за оценување. При проценката може да ги земете предвид сложеноста на задачата, нивото на самостојност, когнитивниот домен (види Слика 1) или да осмислите детални рубрики со оглед на предложената активност и специфичните доделени задачи.

Ниво	Сложеност на задачите	Самостојност	Когнитивен домен
Основно ниво	Едноставни задачи	Со упатства/самостојно и со упатства според потребите	Памтење
Средно ниво	Добро дефинирани и рутински задачи, едноставни проблеми/задачи и добро дефинирани и нерутински проблеми	Самостојно, независно и во согласност со моите потреби.	Разбирање
Напредно ниво	Различни задачи и проблеми, најсоодветни задачи	Водење на другите можност за приспособување според другите во сложен контекст	Примена/евалуирање/креативност

За подобро да утврдите што треба да развијат учениците и да го поддржите процесот на учење, можете, на пример, да проверите дали развиле ефикасни методи за пребарување за лични цели (на пр. за прегледување список со најпопуларни филмови), за образовни цели (на пр. за истражување разни толкувања на историски настани) и за професионални цели (на пр. за пронаоѓање соодветни огласи за работа). Покрај тоа, може да проверите и дали знаат да се носат со преоптоварувањето со информации (на пр. со поплава од лажни или измамнички информации за време на пандемија), така што ќе ги приспособат методите и стратегиите за пребарување кои ги користат.

Совет 15: Проценување на истражувачките вештини на ученикот



Проценете ја способноста на учениците да истражуваат важни дигитални теми. На пример, дајте им задача да пребараат на интернет за тоа кои видови технологии се користат за креирање чипфејк и дипфејк содржини. Таквите истражувачки вештини ќе им користат во сите училишни предмети.

Размислете за...

- Учениците нека го самооценат своето ниво на совладување и напредок. Нека постават лични цели кои се однесуваат на нивното ниво на дигитални компетенции.
- Користење меѓународно развиени рамки како што е DigComp 2.2.[15] која наскоро би требало да биде достапна на сите јазици на ЕУ.
- Користење оценувања од исто ниво (меѓу ученици) и портфолија.
- Размислете за тоа дека проценувањето на работата во мали групи обично вклучува одреден степен на групно и поединечно проценување.
- Дајте им задача на учениците да најдат противаргументи за кампањите за дезинформирање насочени на одредени ранливи заедници. Потоа, заеднички со другите ученици, проценете ја „моќта“ на противаргументите (колку се убедливи и зошто).

[14] Ibid

[15] https://publications.jrc.ec.europa.eu/repository/handle/JRC128415

[16] https://education.ec.europa.eu/selfie

Евалуација на ефикасни образовни пристапи во областа на дигиталната писменост

Покрај проценката на компетенциите на учениците, секогаш е добро да се знае дали вашите пристапи кон наставата го имаат ефектот кон кој се стремите. Секако, подобрувањето е во принцип секогаш можно. Ако одржаниот наставен час, целината или програмата биле корисни, тогаш, по завршувањето на активноста учениците треба да можат подобро да одговорат на некои од наведените прашања за проценување, како што се препознавањето измамнички наслови или проверката на факти на интернет. Мерењето пред да почнете и откако ќе завршите со активноста ќе ви даде важни сознанија за тоа. Ако за проценка на знаењето, вештините и ставовите на учениците ги користите прашањата за проверка од рамки 6 и 7, ќе може да видите што научиле, а со што имаат тешкотии.

Тогаш се поставува прашањето: како најдобро да се оцени сопствената и/или училишната програма за дигитална писменост (на пр. кои алатки да се користат за каква цел? Кои аспекти може и треба да се оценат? Како да се пристапи до корисни и веродостојни алатки? Кој ќе учествува во оценувањето)? Влијанието може да се измери на разни начини, но веројатно најефикасен е да се применат валидни и веродостојни мерења за учењето на ученикот. Може да добиете и корисни сознанија ако им дадете да оценат како се подучувани и што научиле, но нивната процена често нема да биде прецизна, особено ако не одговараат анонимно. Покрај тоа, може да почувствуваат нормативен притисок да одговорат на одреден начин (социјална пожелност). Оттука, оценувањето на влијанието што го има образованието врз развојот на дигиталната писменост е многу важно, но и сложено.

Ако имате можност, може да спроведете детална евалуација со колегите и истражувачите кои сакаат да дознаат повеќе за дигиталната писменост во практика.

Совет 16: Соработка со универзитети

Иако можеби тоа ќе одземе многу време на наставникот или едукаторот, универзитетите често бараат можности за нивните вработени или студенти на дипломски студии да ги оценат програмите (за дигитална писменост). Би било добро кога вие или вашето училиште би се обратиле на некој локален факултет (на пр. на одделот за комуникации) и би побарале соработка. Крајната цел е да се подобри начинот на подучување и проценување на дигиталната писменост во училиштата. И невладините организации понекогаш имаат стручно знаење.



Размислете за...

- Разговор со училишниот директор за соработка со локален факултет или невладина организација заради евалуација на наставата за дигитална писменост во училиштето.
- Истражување на интернет за повеќе алатки за евалуација кои би биле достапни на училиштето бесплатно или со многу ниски трошоци.
- Да ја проучите алатката на ЕУ, SELFIE [16], која може да му помогне на вашето училиште подобро да ја искористува технологијата за подучување и учење.

Накратко, дигиталната писменост на учениците и програмите и пристапите кои ги применувате вие и вашите колеги може да се проценат на разни начини. Покрај тоа, веќе имате на располагање многу веродостојни (главно бесплатни) инструменти.

Напомена за ресурсите

Ако сте заинтересирани за дополнителни образовни ресурси, во Завршниот извештај кој е приложен на овие упатства се наоѓа опсежен список со ресурси.



Publications Office
of the European Union